# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 декември 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците Ејуп Рустеми, Лилјана Ивановска, Славица Грковска, Борис Кондарко, Благородна Мингова Крепиева, Неждет Мустафа, Јани Макрадули, Хисни Шаќири, Г'зим Острени, Али Ахмети, Агим Џелили, Илјаз Халими, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Сашко Кедев и Никола Груевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присутни се, или тие што притиснале копче 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија; Мандаторот и предложените кандидати за состав на Влада на Република Македонија.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 67 гласале за предлогот, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

**1. Избор на Влада на Република Македонија.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 гласале за, нема воздржан, 2 гласале против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**Минуваме на точка еден - Избор на Влада на Република Македонија.**

Предлогот за состав на Владата, измената на Предлогот за состав на Влада и програмата Ви се доставени.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата ќе поднесе мандаторот господин Владо Бучковски.

Го молам господинот Владо Бучковски да земе збор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседател на Република Македонија, почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани екселенции, дами и господа,

Врз основа на уставните и законските обврски и мандатот што ми е доверен, денес пред овој законодавен дом, го поднесувам Предлогот за состав на Владата на Република Македонија, заедно со Програмата за работа на Владата во мандатниот период.

Владата доследно ќе ги брани и почитува принципите врз кои е основана Република Македонија како самостојна и суверена држава. Работата на Владата ќе се темели врз почитувањето на демократијата, владеењето на правото, гаранцијата на човековите права и слободи. Владата што ја предлагам нуди јасен концепт за иднината на земјата и за нејзиниот развој, но оваа Влада е свесна за тешкотиите со кои се соочува Република Македонија и сите наши граѓани.

Денес многу наши граѓани се без работа и немаат услови за достоинствен живот. Денес илјадници семејства имаат толку ниски приходи што бедата секојдневно се надвива над нив како темна сенка. Денес нашите луѓе мака мачат да обезбедат елементарна егзистенција, да ги платат сметките и да ги школуваат своите деца. Денес решавањето на меѓуетничките прашања и исцрпувачките, но јалови политички борби ни одземаат толку многу време и енергија што не можеме да се посветиме на решавањето на реалните проблеми што го притискаат народот. Денес бедата и неслогата ни ја нагризуваат надежта.

Тоа почитувани пратеници мора да престане. На ова, почитувани граѓани мора да му ставиме крај.

Ова се тешки времиња и бараат тешки одлуки. Денес мора да бидеме искрени пред себеси, да ја погледнеме вистината во очи и да признаеме дека сите претходни Влади, вклучувајќи ја и оваа на која до вчера и припаѓав, не ги исполнија докрај очекувањата на нашите граѓани и значително не го подобрија квалитетот на нивниот живот.

Сега е време за нов почеток, за нови идеи и за нова визија за нашата земја. Сега е време да поверуваме дека можеме и повеќе и подобро. Сега е време да ги обединиме сопствените сили, енергија, моќ и знаење.

Дојде време конечно да ја препородиме Република Македонија.

Овие времиња се вистински тест за најиздржливите, најупорните и најхрабрите и за оние со најголема верба. Знаеме, можеме и умееме да работиме за доброто на народот и за просперитетот на државата.

Денес пред вас се обврзуваме, ви ветуваме, дека оваа Влада ја презема одговорноста, јас лично и сите министри сме цврсто определени да ги решаваме проблемите и конечно да направиме нов исчекор во развојот на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Во програмата за работа на Владата што ви е доставена и за која што очекувам повеќето од вас да го искажат своето мислење се наведени клучните приоритети во наредните две години. Тоа се: забрзување на процесот на нашето интегрирање во НАТО и во Европската Унија, интензивирање на економскиот развој, реформи на правосудниот систем, борба против организираниот криминал и корупцијата и доследно спроведување на Рамковниот договор.

Нам ни требаат домашни и странски инвестиции, ни требаат големи компании што ќе дојдат во Македонија, нам ни треба подобра организација и поголема продуктивност, но најмногу од се ни треба поголема верба во себе, во сопствените способности да бидеме успешни.

Дојде времето кога конечно треба да ја вратиме вербата во себе, кога треба да кажеме дека и покрај сите проблеми, и покрај неуспесите и разочарувањата, ние имаме можности, имаме сили и знаење, имаме волја да работиме и подобро и поефикасно, за да можеме да го оствариме и она што навидум изгледа невозможно.

Јас имам најмногу верба во нашите млади луѓе, во нивното знаење, ентузијазам и елан за работа, и ви ветувам дека владата ќе стори се тие да останат

тука и целата своја творечка енергија да ја реализираат во Македонија и сите заедно да се гордееме со нивните резултати.

Да имаме верба во себе, почитувани граѓани, затоа што во минатото нашите луѓе биле соочени и со потешки времиња. Да имаме верба, затоа што денес ние сме свои на своето и самите решаваме за својата судбина. Да имаме верба, затоа што нема такво зло во Македонија што не може да се поправи, да се излечи со она што е добро во Македонија, да имаме верба, зашто имаме бројни и силни пријатели. Јас знам дека единствено ако веруваме во себе, во нашите способности и другите ќе веруваат во нас, во нашите сили да ги совладаме сите проблеми, во нашата подготвеност да се надминеме себеси за доброто на Македонија.

Почитувани пратеници,

Новата Влада на Република Македонија ќе ги активира сите човечки, материјални и духовни потенцијали на Република Македонија и нејзина основна цел е за кусо време да  направи пресврт во севкупниот развој на земјата - и на економски, и на политички план и на планот на нашето интегрирање во европските и евроатлантските структури. Овие приоритети беа зацртани и во програмите на претходните влади, но оваа влада дефинитивно ќе мора сите овие процеси да ги забрза, затоа што ние загубивме многу драгоцено време и затоа што граѓаните сакаат да видат и конкретни резултати. Ова ќе бара и голем ангажман на сите членови на владата  и цврста решеност да се спроведат веќе зацртаните реформи, што досега се одвиваа бавно пред се заради неподготвеноста на владата да ја плати цената за потребните реформи во економскиот и политичкиот систем.

Овој владин кабинет ќе мора да работи и подобро и побрзо. Овој владин кабинет ќе мора да има храброст и истрајност да ги спроведе потребните реформи и тогаш кога ќе се најде под силен притисок да попушти, да се откаже или да ги одложи реформите. Тоа досега беше главната причина за бавното чекорење на Македонија. Ве уверувам дека имаме и решеност и квалитетни луѓе за да го реализираме ова што го зацртавме како владина програма. Јас го почитувам успехот што досега го оствариja владините министри. Сакам да истакнам дека неколку клучни ресори во владиниот кабинет ги задржаа досегашните министри со што се обезбедува континуитет на новата влада и продолжување на успешно започнатите проекти за приближување на Република Македонија кон Европската Унија и НАТО.

Потпретседателот на владата Муса Џафери и натаму ќе дава конструктивен придонес во спроведувањето на одредбите на охридскиот договор и зацврстувањерто на меѓуетничката доверба.

Во ресорот надворешни работи Илинка Митрева ќе продолжи да ги зацврстува меѓународните позиции на Република Македонија и да ја промовира нашата лидерска улога во регионалната соработка.

На мојата досегашна функција министер за одбрана доаѓа Јован Манасиевски, кој верувам дека успешно ќе ги доврши сериозните реформи во системот за одбрана, што е еден од основните предуслови за зачленување на нашата земја во НАТО.

Радмила Шеќеринска, која има значајна улога во нашето приближување кон Европската Унија и натаму ќе ја спроведува владината динамична програма за заокружување на овој процес.

Ресорот финансии и понатаму ќе го води Никола Поповски кој ќе има посебна улога во серијата реформи што ги предвидуваме за преструктуирање на нашиот економски и финансиски систем.

Владиниот кабинет е засилен со девет нови личности за кои сум уверен дека успешно и одговорно ќе ја вршат доверената функција.

Во секторот економија доаѓа еден од најспособните млади економисти во Република Македонија - господинот Фатмир Бесими, што е доказ дека нашиот партнер од коалицијата - Демократската Унија за Интеграција, не е преокупирана само со значајниот процес на спроведување на охридскиот договор, туку сака да покаже и ќе докаже дека приоритет дава на економскиот развој на Република Македонија .

Исклучителна улога во овој кабинет ќе има новиот потпретседател на владата задолжен за економски систем господинот Минчо Јорданов, кој ја замени својата успешна менаџерска кариера во Макстил и доаѓа во владата како човек со огромно практично искуство од сферата на економијата, и се надевам ќе даде драгоцен придонес во координирањето на економските активности на владата.

Воведувањето на местото потпретседател на владата одговоребн за економскиот систем говори за приоритетот што оваа влада ќе му го придава на брзиот економски развој на Република Македонија.

Новиот министер за внатрешни работи Љубомир Михајловски, кој досега успешно ја вршеше функцијата прв човек на Царината ќе има тешка задача во борбата против она што јас го сметам за еден од најсериозните проблеми во секоја

држава, а со кој се соочува и Република Македонија - борбата против корупцијата и организираниот криминал.

За решавање на овој проблем, покрај другото, од големо значење е и спроведувањето на долгоочекуваните реформи во правосудниот систем, што ќе биде обврска на новиот министер за правда, госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

И другите кандидати за министри што лично не ги споменав, уверен сум дека и тие како дел од тимот ќе дадат значаен придонес во спроведувањето на владината програма.

Верувам дека сите ние заедно, свесни за големата одговорност што ја преземаме во овој миг, ќе работиме тимски, затоа што само така може успешно да функционира владата. Јас како премиер ќе ги поттикнувам сите членови на владата отворено да ги изнесуваат сите свои мислења и ставови. Различните погледи за сериозните прашања со кои ќе се соочиме само ќе придонесат за квалитетот во работата на владата. Сепак, сакам да нагласам дека, кога еднаш владата ќе изгради став, ќе донесе одлука, сите мора да ја почитуваме и да ја спроведуваме - тогаш престануваат сите спорови и дилеми. Нема да дозволам да се исцрпуваме во бескрајни јавни дебати, затоа што ова влада мора да биде оперативна и ефикасна, и брзо да покаже видливи резултати, а не да троши време на меѓусебни судири и надмудрувања.

Почитувани пратеници,

Оваа влада ветува дека ќе работи сериозно, одговорно и чесно. Доколку било кој министер се огреши од законските или моралните норми, јас ќе побарам за неговата одговорност да расправа и да одлучува Парламентот на Република Македонија.

Со цел да се спречат сите евентуални неправилности во работата на функционерите, ќе побарам да донесеме серија прописи со кои се укинат голем дел од дискреционите овластувања кои ги имаа министрите и другите избрани и именувани функционери.

Почитувани граѓани,

Оваа влада ветува дека во овој мандат, во 2006-тата година, Република Македонија ќе добие покана за членство во НАТО.

Оваа влада ветува дека до крајот на нејзиниот мандат, нашите граѓани - студенти, туристи, бизнисмени, ќе можат слободно да патуваат во европските земји, без да се судираат со тешкиот Шенгенски визен режим.

Оваа влада ветува дека до крајот на нејзиниот мандат, Македонија ќе добие статус на земја кандидат за членство во Европската Унија и дека ќе ги започне преговорите за полноправно членство во Унијата.

Во мандатот на идната влада, што ќе се формира по следните парламентарни избори јас се надевам дека ќе добиеме покана за членство во Унијата, и дека со нашето интегрирање во заедничкиот европски дом и Македонија ќе придонесе да се реализира сонот на Шуман и Моне за обединета и демократска Европа.

Оваа влада ветува дека ќе спроведе долгоочекувана реформа на правосудниот систем, со која тој ќе стане поефикасен и со што истовремено ќе се овозможи поголема сигурност на сите физички лица и компаниите при инвестирањето, што е клучно за развојот на нашата економија.

Оваа влада ветува дека ќе обезбеди порамномерен развој на нашата земја.

Почитувани граѓани, јас ви се обраќам од Скопје, но само Скопје не е Македонија. Оваа влада ќе ги направи сите напори да се врати животот, работата и радоста во десетици и стотици наши градови и села, кои сега се замрени, заборавени и напуштени.

Оваа влада ветува дека ќе биде отворена за дијалог со стопанствениците и нивните комори, со опозицијата, со експертите и со сите луѓе со добра волја кои сакаат да дадат конструктивен придонес во побрзиот развој на нашето општество.

Почитувани пратеници,

Економскиот развој ќе биде една од приоритетните цели на оваа влада. Затоа, ќе предложиме мерки за подобрување на конкурентноста, стратегии за развој на извозно ориентираните сектори во индустриските гранки. Сето тоа треба да влијае на подобрување на животниот стандард и на сите сфери на општественото живеење.

Како Влада, наша основна заложба ќе биде постигнување на динамичен развој што ќе ја води земјата во фаза кога постојано ќе се отвораат нови работни места и ќе се привлекуваат странски инвестиции.

Ова не е ни малку лесна задача, но владата е обврзана да ги оствари овие цели. Само така можеме да гарантираме стабилност, безбедност и успешен развој на Република Македонија.

Владата, во наредниот период ќе посвети посебно внимание на развојот на земјоделието. За таа намена, уште во Буџетот за 2005 година се планирани дополнителни 100 милиони денари повеќе од предходната година.

Владата исто така ќе иницира и мерки со кои ќе се создадат услови за зпочнување на нов инвестиционен циклус и за рестартирање на расположивите индустриски капацитети.

Владата ќе се залага за подобрување на условите за деловно работење, за инвестирање, за зголемување на продуктивноста, конкурентноста и атрактивноста на нашата земја како место за инвестирање, наспроти конкурентите во регионот на Југоисточна Европа.

Почитувани пратеници,

Нема да изостане и поддршката на претприемаштвото и на малите и средни претпријатија со цел да се обезбедат вработувања и порационално искористување на расположивите ресурси.

Владата ќе ја продолжи успешната соработката со ММФ и Светската банка, а првиот тест со монетарците ќе го имаме во февруари, кога ќе се залагаме за нов реформски аранжман и за продолжување на структурните реформи - што се болни, но и неопходни. Тие реформи ќе ги спроведуваме затоа што тие нам ни се потребни, а не на ММФ и на Светската Банка.

Почитувани пријатели,

Оваа влада и јас како премиер ќе бидеме присутни меѓу граѓаните, на сеидбите и жетвите, во компаниите и во фабричките хали, во здравствените и образовните институции, на спортските терени и културните манифестации. Ќе се залагаме многу повеќе да ги заштитиме и да им помагаме на граѓаните со пречки во развојот, на социјалните случи и на децата без родители.

Почитувани граѓани,

Оваа влада ја предводи Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Ние сме партија од левицата и поради тоа оваа Влада сака да гради партнерски однос со сите синдикати.Тоа ќе го правиме заради заштита и доследно остварување на работничките права, како и на одредбите од колективните договори.

Почитувани пратеници,

Оваа влада ветува дека ќе го доврши имплементирањето на Охридскиот договор, што по уставните и законските промени е составен дел од нашиот правен систем.

Во реализирањето на Охридскиот договор останаа два значајни законски проекти: Законот за употреба на јазиците на заедниците и законот за употреба на симболите на заедниците.

Владата, поучена од искуството со донесувањето на Законот за територијална организација, ветува дека при донесувањето на овие закони ќе води отворен дијалог со опозицијата, со цел заеднички да дојдеме до општо прифатливо решение.

Со Охридскиот договор се удрија темелите на новите односи во Македонија и за градење на стабилна, единствена држава на рамноправни граѓани.

Вие знаете дека јас лично и досегашната Влада целосно се посветивме во реализирањето на овој концепт, затоа што тоа е единствениот начин да се зацврсти единството на Македонија и да се интегрираме што побргу во НАТО и во Европската Унија.

Предизвиците од создавање етнички тензии не се до крај надминати. Се уште трае периодот на градење на меѓисебна доверба. Поминаа само три години од конфликтот во 2001. Како што покажува и сегашниот случајо со Кондово, сметам дека треба да бидеме многу подготвени, политички да дејствуваме, превентивно да дејствуваат на теренот пред се избраниците на народот. Но од друга страна мора да функционираат сите маханизми на правната држава.

Оваа влада нема намера да дозволи било кој да ја дестабилизира безбедносната состојба во Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Оваа влада ветува дека ќе биде крајно транспарентна во својата работа и дека ќе биде отворена за соработка со медиумите, кои имаат исклучително сериозна функција во сите демократски општества.

Јас лично ќе се заложам, во најкус временски рок, во секое министерство да биде избран портпарол, со кого медиумите ќе можат редовно да комуницираат и да се информираат за работата на владата.

Ги повикувам медиумите да бидат вистински коректив на работата на Владата.

Владата на Република Македонија, по донесувањето на Законот за достапност до информацииите ќе ги вложи сите напори за негово побрзо имплементирање.

Владата ветува дека ќе биде отворена за потребите и барањата на нашите граѓани, затоа што таа постои за граѓаните, а не граѓаните за власта.

Почитувани пратеници,

Оваа влада ќе работи за доброто на Македонија и на сите наши граѓани. Таа не може преку ноќ да направи но ако се обединиме, ако ги мобилизираме сите наши сили, знаења и способности, ако се посветиме заеднички на духовната и материјалната обнова на нашата татковина, и чудата се можни.

Нема земја во Европа која може за толку кусо време, колку што ќе биде мандатот на оваа влада, толку многу да добие, но и толку многу да загуби.

Затоа, ние, почитувани граѓани, во изминатиов период докажавме дека и на Балканот може да се развива и негува европскиот дух на разбирање, толеранција и соживот.

Нашата заедничка порака треба да биде - дојдете во Македонија.

Постојат луѓе што не веруваат дека народите на Балканот можат да се разберат, да се почитуваат и да соработуваат.

Јас ги повикувам - дојдете во Македонија.

Има луѓе што велат дека различните етнички, верски и културни заедници на Балканот не може да живеат заедно, во мир и во слога.

Јас ги повикувам - дојдете во Македонија.

Има луѓе што не веруваат дека народите на Балканот можат заеднички да ја градат својата иднина.

И нив ги повикувам - дојдете во Македонија.

Јас ги повикувам да дојдат во Македонија и нашите иселеници и тоа не само за да ги посетат своите блиски и родните огништа, туку и да инвестираат со цел да остварат профит но истовремено со тоа да придонесат и за развојот на својата татковина.

Ги повикувам да дојдат во Македонија и странските инвеститори, затоа што оваа држава ќе создаде поволна бизнис клима која дава можности за инвестирање и профит.

Почитувани пратеници,

Верувам во иднината на нашата татковина. Верувам дека сите наши граѓани поседуваат сила, мудрост, храброст и љубов кон Македонија. Верувам во искрената желба на секој од нас Македонија да ја изградиме да биде побогата земја - земја на среќни и успешни луѓе.

На нашите граѓани, во име на целата влада, им ветувам дека ние ќе работиме за доброто на Македонија, за доброто на сите нас.

Да живее Република Македонија!!!

(Аплауз).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине мандаторе, искажавте надеж дека сакате да ги слушнете мислењата на пратениците. Ве уверувам дека тоа нема да ви недостасува. Затоа ние вчера направивме еден договор во кој што секоја партија и секоја пратеничка група ќе има можност во првиот дел да го каже својот став или своето мислење.

Во таа смисла ги замолувам координаторите и другите да ги достават, евентуално до почетокот на вториот дел, имињата на пратениците кои ќе настапат.

Господине Костовски барате збор процедурално?

Вклучете го господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Бидејќи е договорен начинот на кој што ќе се дискутира по основ на формирање на Владата, јас не знам во кој дел јас да се сместам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Договорен е само првиот дел. Потоа ќе имаме по пријава, како што ќе се пријават пратениците. Ќе се дискутира ако треба ден, два, три, четири, тоа ќе оди понатаму.

Дали е потребен стенограм? (Да).

Во таа смисла, претресот ќе го отворам кога ќе продолжиме, објавувам пауза до 14,00 часот.

Во меѓувреме нека се изготви стенограмот.

(Паузата е дадена во 12,29 часот).

(По пауза)

Седницата продолжи со работа во 14,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Пред да го отворам претресот би сакал да ве информирам, би сакал да ги информирам пратениците дека пред да го отворам претресот, првите дискутанти ќе бидат по договорениот редослед, а откако ќе го отворам претресот ве молам пријавете се за да го утврдиме редоследот за оние пратеници, откако ќе се заврши листата како ќе идеме со дискусии.

Отворам претрес по **точка 1 - Избор на Влада на Република Македонија.**

Повелете господине Исмет Рамадани, имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван мандатор и кандидати за министри.

Незнам од еден договор на координаторите како е одлучено меѓу првите односно прв да имам јас збор. Јас ова го разбирам како привилегија, можеби како еден пратеник со поголемо искуство.

Уште на почетокот сакам да кажам дека сведоци сме, го добивме говорот на мандаторот, можеби и самиот по природа и по карактер и сето тоа што е негова карактеристика ни остава впечаток дека неговиот говор и експозе беше доста амбициозно. Јас сум сведок на многу експозеа кои биле искажани овде од премиерите односно од мандаторите.

Уште на почетокот можеме да кажеме дека мандаторот има за долг да види односно да ги детектира проблемите и тоа уште една, но истовремено да го вети тоа што треба да го изврши со неговиот тим или со неговиот кабинет.

Тоа што ми остави впечаток во експозето можеби е за прв пат во експозе на еден мандатар да почнува со проблемите од секојдневниот живот, егзистенција, вработување, сето тоа што е секојдневен проблем на нашите граѓани. Значи, животен проблем.

Се разбира во Програмата од 2004 до 2006 година и во експозето се прави еден редослед по областите и проблемите со кои ќе се занимава оваа Влада. И во програмата не случајно имаме 23 точки каде се детектираат сите тие области за кои Владата треба да се ангажира.

Вистина е имаме една изјава која многупати се повторува, бидејќи е стратешка наша определба, така како што вели и мандаторот дека главен приоритет е ние да работиме и да бидеме утре членки на НАТО и да работиме на европската интеграција. Но, веднаш по ова нормално не случајно во прогрмата е внесен Охридскиот рамковен договор и сето тоа што треба да се направи според Охридскиот рамковен договор и таксативно се вели правичната застапеност, што е нормална одредба, Законот за употребата на јазиците и на националните државни симболи и тн.

За да ги извршиме сите овие обврски се разбира дека треба да веруваме. И понатаму ќе имаме можност како пратеници и како претставници на политичките партии, без оглед дали сме од позицијата или од опозицијата да оцениме како течат овие работи.

Доколку течат како што беше досега тогаш уште на почеток ќе кажам дека не задоволувала таа динамика во тоа што е остварување на Рамковен договор, било во рокови, било во квалитет, било во сето тоа што е извршено. Но, и покрај уште еднаш ќе нагласам, не сум нифелист, неможам да кажам дека не е направено доста во таа насока.

Впрочем ангажманот на потенцијалите кои се нагласуваат во програмата за да се чекори побрзо кон НАТО и кон Европската унија, има акциони планови, за ова ја имаме и Јадранската повелба, за која имаме и договор и спонзори со три држави односно Македонија, Албанија и Хрватска и едно спонзорирање на САД. Спонзорството го подразбирам како поддршка или некој протекторат кој се врши. Но, во ангажманот на потенцијалите треба да имаме предвид и да укажеме на забелешката уште на почеток доколку се продолжи и понатаму со ангажман на стриктно партиските потенцијали тогаш уште на почеток ќе кажам дека грешката и загубата и во време и во квалитет на ангажманот на потенцијалите нема да биде доволен.

Се вели дека судскиот систем треба да претрпи реформи. Ова е вистина. Не дека го вели ова мандаторот, туку ова ни го велат и ни го велат секојдневно. Овде немаме друг избор. Ова треба да го направи тој што е понадлежен, се разбира во рамките на владиниот кабинет и тоа што ние ќе го дадеме како придонес.

Што е реформа ние незнаеме, во суштина знаеме и се повторуваат реформите - ефикасно судство, правна држава и тн. и тн., но јас би ве замолил на еден начин да не се измачуваме едни со други само со декларативни искази во оваа насока. Да се фатиме за работата да ја извршиме работата, а тогаш се разбира ќе ги процениме и резултатите, а да даде господ да бидат позитивни и позитивно да ги оцениме.

Процесот на децентрализација, законите веќе ги имаме усвоено и тие се основа, а сега треба да почне да се прави тоа што треба да се направи. Треба да признае и мандаторот и вие почитувани кандидати за министри, но и ние дека процесот е тежок. Процесот е сложен. Малку или повеќе сме го отежнале. Имавме референдум, имавме несогласување, но и покрај тоа сега треба да се почитува тоа што е и да се чекори и во практичниот живот да се биде таму каде што треба да се направи некоја измена или дополнување. Значи, сите треба да дадеме наш придонес, бидејќи покрај се сме во една состојба кога и како опозиција треба да имаме еден пристап на остварување со што процесите ќе ги покренеме напред, бидејќи дефинитивно сме во една состојба кога не ни се дава многу можност и не

може да ни се даде големо значење и себе си да си дадеме голем простор да се впуштаме во дестриктивни авантури кои не ни носат услови за да ги извршиме овие реформи и да го практикуваме тоа за што сме се договориле.

Има некои проценки за безбедносната состојба и тука се вели дека е една стабилизациска фаза, изолирани инциденти како рецидив од 2001 година. Кога во еден пасус ги констатираме како такви и немаме соодветна формула да ги решиме претставуваат проблем. Мислам дека пристапот треба да се измени и да ги решаваме и тие инциденти кои се рецидивни, рецидив од 2001 година, но превентивата треба да биде и претходно. Пристапот на Владата треба да биде таков како што треба да биде. Јас ќе го земам за пример случајот, со тоа што ќе направам споредба, меѓу Ваксинце и Кондово. Пристапот таму и пристапот овде. Состојбата е приближно иста, може да се разликува само од географски аспект, Кондово е малку поблиску до Скопје, Во овој случај не смееме да правиме измами, да се рециклира и да се зголемува проблемот до состојба кога сите ќе се загрижиме доста многу. Се сеќавате доста добро кога во Ваксинце имавме проблем отидовме 12-13 пратеници таму, говоревме, но и покрај тоа беШе тешко. Имаше и тешки зборови со кои се соочивме, но беше една наша сатисфакција дека го решивме тој проблем. И сега исто така имаме еден друг проблем, речиси сличен, но и како резултат на некое незадоволство кое понатаму се солидаризира дополнително и станува збор за луѓе кои се солидарни во вакви состојби. Со нив треба да се разговара и би било добро и мандаторот во еден пасос на неговото излагање да предвиди дека со методи и политички начини во решавањето на ваквите проблеми би било добро да пристапиме, затоа што грешките кои што се прават од институционален аспект вршејќи една поделба во квалификациите на луѓето од оваа категорија јас би рекол со смелост и доблест и со една сугестија да се надминеме себе си и еднаш засекогаш да кажеме - ние правични квалификации не даваме за конфликтот 2001 година. Доколку имаме 120 - 130 семејства на тие кои страдаат со живот во таа војна, дали се македонци, или се албанци, без оглед кои се мотивите од едната или од другата страна, или за сите овие загинати ние по сето ова имаме еден Охридски рамковен договор и еден анекс за ресоцијализација, згрижување и тн.

Дозволете ми да ви кажам искрено дека на институционален начин треба да се реши и да се помагаат перманентно тие семејства на тие кои го загубија животот во војната. Ние неможеме според Охридскиот рамковен договор едната страна да ја именуваме како бранители, а другата како непријатели. Сериозно ви велам,

неможеме вака бидејќи според Рамковниот договор ова не е добро. Не е добро едната страна да ја оставиме нивните семејства да ги издржува една политичка партија и политичката партија да се интересира само за Бајрам или за Ѓурѓовден да им носат помош и тн. и да дојдеме во една состојба кога незадоволството се изразува. Едни од незадоволните сме и ние што ова ни се случува.

Да бидеме посмели во пристапот на еден проблем, бидејќи доколку проблемот се реши институционално, јас ќе ви кажам од моето искуство, секој проблем кој се решава на институционален начин тој проблем и се решава подобро и позадоволен е од тоа што значи решение.

Меѓународната соработка е вистина и јас се согласувам ние сме мала држава и меѓународната соработка треба да ни биде приоритет. Ние секогаш треба да соработуваме со државите од регионот, а ние со соработката на еден начин сме во коалиција и ова треба да го продолжиме на афирамтивен начин бидејќи иако сме мала држава ги имаме сите атрибути на една држава и во соработка со другите држави да не се чувствуваме самите себе си како мали, туку да се чувствуваме како рамноправни, да не бидеме инфериорни и таа соработка да тече. Јас овде имам едно мое размислување, му верувам на мандаторот со самиот факт дека знаел како министер за одбрана да развива неколку релации со компетентни луѓе на министри од соседните држави. Тука има и елементи на едно друштво кое ќе биде многу продуктивно понатаму да се искористи за да се соработува и како премиер, бидејќи овие се моменти кои треба да се искористат. Доколку се искористат без комплекси и доколку се искористат на искрен начин верувајте ние дефинитивно ќе произведеме стабилност и за соседните држави. На пример, до крај да бидам искрен, на Косово сега во фазата на решавањето на фракциналното прашање во однос на Косово ќе и помогне една стабилна Македонија. Еве сега Македонија и Косово имаат шанса на една стабилна Македонија да и помогне да се реши еден финален нејзин статус. Затоа ние ова треба да го афирмираме и развиваме со контеси од највисоки нивоа без никакви компекси.

Коалицијата против тероризмот, меѓународната коалиција со САД, со НАТО мислам дека треба да продолжи. Тоа сме го повторуваме, ова е една конкретна наша работа. Добро е да се одржуваат тие добри односи со државите од Г-8, што е многу значајно. И Русија и Кина како постојани членки на Советот за безбедност, бидејќи нас не очекуваат и прашања кои ќе се одлучат во тој совет за безбедност и

овие односни мислам дека е добро што се нагласуваат многу јасно и што се вели дека треба да се соработува.

Бескомпромисната борба против организираниот криминал.

Тоа што ни се кажува од надвор, тоа што го гледаме самите и со тоа што се соочуваме, работата не ни е добра. Состојбата ни е извонредно тешка. Рангирањата кои ни доаѓаат од меѓународни институции, кажуваат дека работата ни е тешка, за ниакде. Овде сега ја имаме и Државната комисија за борба против корупцијата, имаме институции, гледам дека се предвидува и јавно обвинителство, на ниво на држава, кое ќе се занимава само со борба против корупцијата. Но, имам впечаток дека корупцијата на софистициран начин и со разни облици се брани. Имам впечаток дека повеќе зборуваат медиумите и медиумите повеќе ја откриваат корупцијата, отколку органите или надлежните институции. Овде, навистина треба да направиме многу повеќе и Владата треба да направи многу повеќе и ние како пратеници треба да ја извршиме нашата должност. На населението треба на јасен начин да му објасниме дека корупцијата е мито. Честопати старите мене ме прашувале што е корупција. Тоа е мито. Митото го земаат во разни структури. Да знаете и како политички партии кои ја формирате владата, но да знаеме и ние кои сем во опозиција дека не сме биле имуни некогаш на овие работи, можеби и нема да бидеме имуни, не можеме да го искорениме ова зло, но неопходно е да работиме малку повеќе во тој правец, бидејки има земено широки сразмери, не само на малку повисоко ниво, митото, туку има земено сразмери и во структурите на политичките партии кои на еден начин се претставуваат како партиски инфраструктура. Да знаете, јас тоа го кажувам со најголема искреност, има заземено големи размери и треба да се најдат начини и форми да се реши овој проблем. Кога зборувам за економскиот развој и т.н., заедно со корупцијата и организираниот криминал, се изградени економски фаланги. Верувајте ми дека постојат економски паланги. Мене како пратеник со искуство ми се случило, можеби често пати кога доаѓаат луѓе, бизнисмени кои сакаат да инвестираат и обично тие прашуваат каква е политичката состојба во Макеоднија, дали вреди да се инвестира. Но овие луќе јас сум ги видел со некои луѓе кои се инфилтрирани со тие бизнисмени, кои им прават разни блокади кажувајки им дека тешко може таа работа да се заврши, таа инвестиција, купување на некој капацитет овде во Македонија, барајки сигурно, износи од тие луѓе. Така што пратеникот вели дека политичката состојба е добра во Република Македонија и со тоа се завршува, после ќе го земат некои други луѓе, ненадележни, тој кој доаѓа

овде и така се врши една барикада, се врши еден параван за да дојде инвеститорот, или тој кој инвестира, до надлежната институција, или до надлежниот човек.

Јас нема да се задржам незнам колку, на тоа како се развива економијата, но јас среќавам многу економисти и уште еднаш ќе нагласам едно мое миселње, иако мандаторот нешто кажа дека има луѓе од економијата, експерти. Имено би било добор за Македонија, дефинитивно сум убеден дека е потребно да се донесе еден човек, експерт, професионалец кој ќе има шанса за економски развој на Република Македонија, значи едно познато име кое има светско реноме, од типот на Џефри Сакс, кој едно време го спомнувавме.

Дали знаете зошто е ова позитивно овде? Позитивно е бидејки тој човек, или човек од негов калибар, до колку се плати добро и ја преземе работата да направи нешто во нашата економија, тој нема да дозволи да изгуби, бидејки станува збор за неговиот престиж, станува збор за тоа дека тој сигурно има свои колеги од неговиот ранг, разни корпорации со кои работел, го познаваат добро и тој не може да замине од Македонија по 6 месеци и да рече дека во Македонија доживеав неуспех, бидејки самиот ранг ќе рече, како е можно, ние вас ве познаваме како многу успешен човек. Значи самата репутација на тој човек ќе влијае да се направи нешто пвоеќе, а тоа значи економска реформа која на нас ни е преку потребна.

Навистина ми е драго кога слушнав да создадеме граѓани од селата да бидат богати. Тоа е многу добра работа. Тие граѓани од селата, во земјоделието, значи, да станат богати, ние дефинитивно да им посветиме едно поголемо цивилизациско, човечко влијание. Бездруго тоа треба да го направиме. Јас се надевам, познавајки го мандаторот како човек кој оди во чекор со проблемите, ги решава со една поширока екипа, со еден поголем број на минситри да започне со турнеја во посета на тие села, таму каде се бара да гонаправиме тој граѓанин од тоа село, побогат, со проекти, со помош. Тоа треба да се направи.

Ќе се задржам малку и во обласата на образованието.

Не е доволно само да се рече реформи во образованието, реформа на здравството, во културата. Овие реформи треба да ги направиме врз основа на тоа како ги детектираме, какви се проблемите. Ние треба да признаеме и да прифатиме, тргнувајки од изградбата на стандардите на училиштата, без разлика дали се осмолетки, средни училишта или тие од високото образование. Сите тие ни се на едно ниво што не е на задоволително ниво.

Често пати сумспомнал, на пример на Водно кога се оди, кога се тргнува нагоре и кога ќе видиш една многу модерна населба, многу убави куќи, урбанизирани и наеднаш ќе видите една зграда која е најмногу разрушена, зграда која се воочува како најлоша. Тоа е зградата на училиштето. Знаеме закое училиште станува збор. До колку пак се замине во руралните места, во местата на кризните региони, земете ја ситуацијата во училиштето во селата од Никуштак до Лојане, често пати го имам речено тоа , ниту едно училиште во овие села немаат фискултурна сала, а да не навлегуваме во тоа што значи компјутер, што значи визуелна настава и т.н. Значи имаме ситуации кога навистина треба да се детектоираат, ние како пратеници можеби попросто, подолу ги кажуваме како такви и треба да го кажеме, бидејки од терен го донесуваме тоа што го гледаме како што е.

Имаме еден проблем за кој сакам да нагласам и сакам разбирање од ваша страна, штони се случува на Државниот универзитет во Тетово, на Медицинскиот факултет. Тој проблем дефакто постои. Ние не смееме, вие како Влада не смеете да искажете ниту еден елемент на ароганција за да не се реши проблемот каков што е. Некој рече, добро, тоа е многу тешка работа, еднаш сме се договориле, треба да се измени Законот. Нема тешка работа за решавање на еден проблем. Нема тешки работи ако се решава проблемот на 500-тини млади луѓе. Според традиција, според едно правило, обично вие знаете дека на Медицински факултет заминуваат ученици, студенти, најдобри и до колку некој рече дека не можеме да го решиме проблемот, бидејки некој ги изманипулирал тие млади луѓе порано, тогаш верувајте не го завршуваме проблемот, ако застанеме на ова. Во состојба сме, на крајот на краиштата да го решиме и оној проблем што некој мисли дека ги довел овие млади луѓе во таа ситуација. Мене лично воопшто не ми се допаѓа кога се вели да ги испратиме некои во Приштина, некои во Тирана. Значи ние младите луѓе треба да ги носиме надвор од границите. Ако постои  можност, ако имаме форми, проблемот треба да го решиме таму каде што е.

За да не должам многу ќе го кажам и следното.  Го вели мандаторот, но треба да дадам една сугестија на кандидатите за министри односно во Кабинетот на Владата.

Една табота треба да знаете. Привилегија е само тоа, возило, кабинет, секретарка и нешто друго малку околу тоа. Тоа се привилегии. Но, кога ќе излезете на она што значи работа, обврска, задача и каква програма треба да се реализира и што треба да се одговори на експозето на мандатарот во вашата работа, треба да размислите и верувам дека сте размислиле добро кога сте прифатиле да бидете

кандидати. Сигурно пред самите себе ќе сикажете нема да биде лесно и нема да ви биде лесно. Затоа и не сакам да зборувам кој колку и како заслужува да биде министер, затоа што од оценката ќе ја добиете тука, често пати ќе се среќаваме, а оценката ќе ја добиете со вашата работа, реформите, ангажирањето и сета таа работа што сметате дека е  реформа, државата што ја води напред. Немојте да имате само една слика пред себеси, доколку е направам оваа реформа ќе има незадоволство некаде и ќе ги изгубиме изборите. Оставете ја таа работа. Извршете ги, реализирајте ги реформите, а дали ќе ги добиете или изгубите изборите мислам дека е ирелевантно, не е значајно. Значајно е тоа до колку во 2006 година,како што вели мандаторот дека ние ќе добиеме покана за во НАТО и до колку во 2006 година како што рече дека студентите, бизнисмените, граѓаните ќе одат надвор во Европа без виза. Немојте да размислувате дали ќе ги добиете изборите. Прво размислете дали ќе го реализирате тоа што го рековте, да го реализирате тоа што значи реформа. Затоа не се замарајте како ќе поминеме на изборите 2006 година, туку занимавајте се со тоа колку ќе направите реформи, колку ќе ја доближиме државата до она кон што се определивме, како што пишуваше и во експозето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Господине Андов имате реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

За дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сте на списокот. Ќе бидете повикани.

Господине Коце Трајановски имате реплика?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не, за дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ставете го на списокот.

Господине Хусеини Хусеинџевад, имате реплика?

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Да, да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате три минути.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

На почитуваниот колега му реков дека нашата дискусија треба да се насочи на експозето на премиерот. Тука никаде не се кажа дали ќе ги добиеме или ќе ги изгубиме изборите.

Во однос на решавањето на проблемите на студентите по медицина, мислам дека е најдено едно средно решение, бидејки и тој самиот ги знае проблемите кои се присутни тука. До колку еден човек ме праша кој пат води за Скопје, јас ќе му гокажам вистинскиот пат. Ако тој појде по друг пат штои јас незнам каде ќе го одведе, немам никаква одговорност за таа личност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Рамадани , повелете имате една минута.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Тоа што го дискутирав навистина беше околу експозето, опфаќајки ги сите точки , полека Таму каде што ги знам некои точки се задржав малку повеќе. Не го кажав тоа со некоја тенденциозна цел. Дефакто проблемот постои и за проблем кој постои потребно е решение. Најлошо е да се рече мене не ме интересира. Јас мислам дека ние сме за тоа да ги решаваме проблемите  тогаш кога мислиме дека тој проблем можеби ќе се реши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго, а потоа нека се подготви пратеникот Стојан Андов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, почитуван мандатор на нов-старата влада.

Ќе ми дозволите да ги поздравам старите министри кои останаа во Владата, новите кои се предложени во Владата, со зборовите, добре дојдовте во македонскиот пекол. Не реков намерно во пеколот, оној што го опиша Данте затоа што тој е горе на небото,а овој е тука во земјата македонска и во Македонија. За дел од тој пекол зборуваше мандаторот на оваа Влада. За создавање на тој пекол од еднипол деценија, 15 години, имаме сите заслуга, и народот кој често пати го даваше својот глас без да размислува, а посебно ние партиите, такаречиси сите, во Македонија.

Исто така, свој дел има и меѓународната заедница со разните блокади, со најрзличното мешање во внатрешните работи на Македонија и учеството на финансиските институции, како што е Меѓународниот монетарен фонд, посебно тој, Светската банка итн. Меѓутоа, тоа учество е различно. Колку одговорноста е поголема и колку се наоѓаа луѓето на одредени функции, толку и нивното учество во создавањето на овој пекол е поголемо. Практично после 15 години транзиција постигнавме еден успех, а тоа е успехот еден систем кој беше самоуправниот социјализам потполно да го уништиме, ама не изградивме друг општествено-политички систем. Денес ниту сме во раниот капитализам, ниту сме во покасниот капитализам, ниту сме пак во постиндустриско општество, не знам каде сме. Очигледно е дека за овие 15 години имавме страотна рецесија во економијата, непрекинат развој на сите зла во општеството од корупцијата па завршувајќи во најцрните моменти, војни итн. Како резултат на тоа , мандаторот зборуваше и јас ќе кажам, денес имаме преку 90% од населението кое е сиромашно, кое се бори да преживее, кое живее во некоја надеж дека ќе се вработи, а тие пак кои што се вработени секој ден размислуваат дали ќе останат на работа, дали ќе им бидат обезбедени лични доходи. Мандаторот во своето излагање рече дека државата ќе се бори за развој на демократијата, владеење на правото, на човековите права и слободи. Јас длабоко верувам во тие принципи. Но нема демократија, нема слобода, нема права на граѓаните ако вие сте без работа, ако сте зависен, ако не ја гледате својата иднина, перспектива, ако живеете денес за утре, ако не гледате вашите деца како утре ќе живеат.

Според тоа, потполно се согласувам дека ние, како што рече и мандаторот, треба да почнеме од почеток. Треба да ги развиваме идеите, да ги градиме тие идеи, затоа што сега сме на дното, немаме некој старт каков што имавме во 90-тите години. Чудно е дека ние за две години практично имаме трет мандатор. 2002 година имавме и избори. Изборите ги доби коалицијата, да кажам, брилијантно. Имавме многу посилна програма од Владата од оваа што сега ја има, многу пооптимистични предвидувања од тогашниот мандатор. Меѓутоа, сега треба човек да се прашува и да се праша зошто ние само за две години што не се случило во македонската историја, имаме трет мандатор. Зошто првиот мандатор, кој имаше голем политички капитал, кој имаше кредибилитет, кој ги доби изборите и зад кого стоеше голема партија, кој имаше моќ, финансиска, моќ на власта , го напушти кормилото на Владата. Зошто вториот мандатор, кој дојде со голем ентузијазам, кој имаше исто така политичко искуство, учествуваше во повеќе влади порано, во последната Влада

беше и министер за внатрешни работи, зошто само после извесно кратко време даде оставка и се повлече. Тој даде одредено образложување, меѓутоа, тоа е многу несватливо. Не може да се даде оставка само за тоа што еден од министрите, наводно, се бавел со криминал. Ако е тоа така, тогаш пред овој Парламент се излегува и се кажува за таквиот проблем и се бара промена на министерот.

Мене ми се чини дека таму се многу подлабоки проблемите, дека веројатно коалицијата не функционира на принципите на кои опстојуваат коалициите во поранешните наши влади, а исто така и во владите на многу земји, дека веројатно таму владее недисциплина, неред, меѓусебно непочитување, дека премногу е голема партизацијата во самата влада, дека се присутни нарушени меѓусебни односи и дека мандаторот не е во состојба да воспостави ред, дисциплина и да ги ориентира членовите на Влада и министрите кон решавање на виталните проблеми во државата. Тој рече дека поднесува оставка  затоа што владее корупција и организиран криминал. Ако веќе тоа е така, тоа не може да биде сместено само во едно министерство. Тоа не може да биде својствено само за еден министер и тоа не е само сега случај. Само пред една година се смени еден министер кој ја олесни државата и народот за 5-6 милиони евра, па тогаш ако беше сам тој, тој требаше и да ги врати парите, требаше и да одговара. Инаку ако остане вака  овој принцип тогаш секој ќе дојде, ќе дрпне неколку милиони евра, ќе ги стави во џеп и ќе отиде од Владата. Што му треба повеќе да биде министер, член на Влада?! Значи проблемот е многу подлабок и многу поочит и се гледа дека таму тој постои, со самиот факт на вакви крупни промени за еден краток временски период.

Во Експозето, а и во Програмата на Владата стои дека ќе се води борба против организираниот криминал, против корупцијата, митото. Мислам дека тука се мисли и на шверцот со дрога, со оружје, на трговијата со луѓе, бело робје, проституција итн. Јас тоа го слушам од 90-тите години. Сега се поставува прашање дали постои цврста волја, цврста определеност, енергичност, искреност за решавање на овој проблем, а мислам дека крајно време е и нема друга алтернатива и решение, дека овој пат навистина е моментот кога мора да се води жестока битка. Дали само Владата треба да ја води таа битка? Ако таа битка ја препуштиме само на Владата, тешко може да се оствари. Мора да се направи еден антикорупциски фронт и тука во Парламентот мораме да создадеме тела кои ќе се борат против тоа зло, како што тоа го направиле во многу држави. И ние во Парламентот мораме да превземеме дел од таа одговорност, исто така, институциите на системот, невладини организации, многу пошироко, многу поенергично, многу поискрено.

Владата прво мора да го очисти тоа во своите редови, во самата извршна власт. Тука најголема е одговорноста и најголемата задача е на мандаторот на Владата, затоа што тој раководи со таа Влада. Тој ќе има и големи тешкотии, големи проблеми, затоа што жилав е тој дел на луѓе кои кога ќе видат пари губат памет. Мислам дека тоа што сега се заговара, те формирање на посебни обвинителства, те посебни истражни одделенија кај судовите, а за тоа ние зборувавме пред 4, 5, 6, 7, 8 години, на некој до сега не му одговараше да се осамостојат тие институции и да се поведе жестока битка во тој правец. Корупцијата, митото, криминалот е продрен во сите структури на општеството, во сите пори и на сите нивоа. Тие до таа мерка зајакнаа, концентрираа и голема финансиска моќ, тој дел практично веќе на еден начин раководи и со формирањето на владите, на уфрлувањето министри, на покривањето на корупцијата итн. Ама ние повеќе немаме друг излез.

Јасни се сигналите дека сите странски институти, странските влади ни укажуваат дека сме една од најкорумпираните држави тука во Европа и на Балканот. Ако е тоа така, а во владите имаше и има и чесни луѓе , тогаш ние мораме сериозно: прашање број 1е корупцијата и митото што треба Владата да го расчистува. Друг излез немаме. Тоа што како приоритет над приоритетите е речено дека ние треба да влеземе во Европската унија, да се интегрираме со Европската унија, со НАТО итн. тоа е наша определба веќе 12 години и тука имаме консензус, тука немаме разлики. Меѓутоа, во Европската унија со ваква состојба каква што имаме, посебно на планот за кој што до сега зборував, корупцијата и посебно на планот во кој се наоѓа нашата економија, без оглед што ќе имаме и извонредни луѓе кои контактираат со таа Европа - и мислам дека беше извонреден потезот на мандаторот што ја задржа г-ѓица Шеќеринска да ги води и понатаму тие процеси, ние немаме шанса во наредните 10, 15, 20 години да влеземе во Европската унија. Немаме шанса затоа што имаме катастрофални состојби и во економијата. Една ипол деценија, како ниедна влада не изгради концепт за економскиот развој на Македонија. Ние го прифативме концептот на Меѓународниот монетарен фонд, тоа е цврстиот курс, девизен курс на денарот, ниска инфлација, тотална либерализација на увозот и како последици на тоа, за оваа една ипол деценија немаме инвестициона активност во државата. Дури од 1996 година па до оваа 2004 година имавме повеќе години, три или четири, кога имавме дефлација. Една таква политика доведе до страотен пад на економијата, бидејќи немавме инвестиции економијата не ја подготвивме за конкурентна спсобност со економиите на Европа, светот итн. Ние во нашите фабрики, индустрија, земјоделство не внесовме нови технологии. Не ги применивме

новите технологии. Фабриките тотално застареа, немаат автоматизација, немаат компјутеризација, па и некаде роботизација каде за тоа има потреба. Падна нашата економичниост, продуктивноста. Од друга страна, ги отворивме границите, извршивме молскавична либерализација и го уништивме и постојното стопанство во државата. Најлесно е , а се едно се фалиме дека ние имаме економска стабилизација затоа што имаме цврст курс на денарот прво спрема марката, а сега според еврото. И дека најлесно е тоа и на централната банка и нашето Министерство за финансии, па ако сакате и на владите да го држиме тој курс стабилен, цврст, а последиците што произлегуваат од него не ги гледаме.

Тоа е умирањето на економијата, големиот трговски дефицит, огромната армија на невработени, немање на надеж и перспектива. Во случај да се појави некоја тенденција со намалување на каматите, неколку пати Владата за тоа се определуваше и јавно зборуваше, веднаш ќе се појавеа одредени процеси за инфлација.

Првата мерка на Централната банка е жестоко да ја брани монетарната политика и веднаш веќе своите хартии од вредност ги продаваше на банките по високи камати. Банките од своја страна заинтересирани за сигурни вложувања ги продаваа вишокот на денари кои требаше да одат во инвестиции и во развој по тие високи камати, во последно време се движеа околу 9% и тоа воглавно три банки кои имаат монополска положба во Македонија и на тој начин остваруваат високи профити без ризик од 2,5% до 3% без никакви ризици. И затоа веднаш таквото повлекување на средства и таквите високи камати веќе не се атрактивни за инвестицкиони вложувања. Само луд народ и кој не размислува и кој нема намера да ги враќа парите се задолжува во банките по баснословни камати кои на годишно ниво се движеа во периоди и по 20%, 30% и таквите инвестиции пропаѓаа и не беа ниту продуктивни, ниту економични. И таквите пари не се враќаа. И ние се вртиме во тоа коло непрекинато. Расте трговскиот дефицит, нема инвестиции, се зголемува бројот на невработени, пропаѓаат фирмите кои што и работеа и кои што беа изградени, но поради недостиг на средства за модернизација тие пропаѓаа, а нови не се градеа. Јас веќе десет, дванаесет години, кој сака може да ги погледа сите записници од овие седници, заговарав еден друг концепт по кој што тргнаа Словенците и по кој што тргнаа и сите други земји на крајот за да излезат од овие ситуации. Тоа е концептот да ние имаме флуктуирачки денар и да имаме една контролирана инфлација некаде до 10%. Меѓутоа, секогаш кога се залагав за вакво нешто, имајќи ги во предвид дека тоа се ефектите кои ги извлекоа другите земји и

тоа беше снагата што ја повлекуваше економијата. Во сите земји во транзиција најчесто одговорот ни беше од Централната банка дека тоа е Топчидерската политика на штампање на пари и инфлацијата што ја правеше Милошевиќ. Никој не размислуваше дека влегува сепак во еден ризик каде што се бараат напори, знаење умешност, дека влегува во едни такви процеси кои што на одговорните на тие места ќе им го поремети комодитетот и ќе им ја зголеми одговорноста и ризикот. Притоа секогаш се залагав да се води една квалитетна политика за апресијација на денарот. Ова е крајно време ние да поминеме на таквиот концепт. Затоа што овој концепт за кој што повеќе од 12, 13 години го спроведуваме и тука го усвојуваме во Парламентот, не ги даде резултатите. И мандаторот рече дека ниедна влада не ги оствари своите цели. Па не може да ги оствари при ситуација кога земјата не се развива. Јас секогаш овде зборував, не можете никој тоа да го порекнете дека најважен проблем на Македонија е економскиот развој. Но тој проблем секогаш беше третиран на најнесоодветен начин. Ние во првиот состав на Парламентот некаде во 90-тите години кога имавме доста луѓе од економијата уште тогаш укажавме на убитачната рестриктивна кредитна монетарна политика. И ефектите од таа политика, еве денеска се јасно присутни. Не може тука да се земе на одговорност само некој, или некоја партија, затоа што таа политика ја спроведуваше и позицијата и опозицијата и стоеше зад една таква политика која ги покажа сите свои драматични последици.

Јас очекував од мандаторот и од оваа Влада денеска нешто да се прозбори за тоа. Тој во своето уводно излагање напомена за една полабава кредитно-монетарна политика, но тоа до крај не е јасно. Според тоа, оваа Влада мора многу брзо, не да зборува за реформи во економијата за некои структурни реформи, туку да зборува за обнова на економијата. Таа нема што да се реформира, таа не постои. Или сето тоа што постои е непродуктивно и економски не ги дава ефектите. Според тоа, тој термин треба да го внесеме во нашите расправии за да тргнеме по правиот пат за излез од оваа ситуација. Ситуацијата е драматична. И со право и мандаторот зборува во своето експозе и со право зборува дека ние треба да тргнеме од почеток, дека ни требаат нови визии и идеи. Веројатно го насетил тоа со своето учество во Владата, во целокупниот општествено политички живот, во она што практично ние сега се наоѓаме. Еве под предпоставка дека ние ќе постанеме кандидат, земја за членство во Европската Унија. Вие кои контактирате со Европската Унија знаете дека сите држави кои станаа такви членки, првата работа од Европската унија, се ставаа огромни фондови и средства за развој на земјоделието. Имаме ли ние

проекти, програми за да можеме да ги прифатиме тие средства во земјоделието. Немаме, ниту располагаме со институции, ниту со такви агенции, ниту некој работи на создавање на такви проекции и проекти, ниту пак некој размислува во тој поглед. Вие се сеќавате, јас неколку пати тука во Парламентот поставив прашање, имаме ли ние стратегија за развој на земјоделието. Никој пат не добив одговор дека имаме.

Една од најважните наши гранки каде што имаме предимства, посебно во производство на храна и преработки од земјоделските суровини, агрокомплексот, ние го немаме подготвено. Затоа Владата во тој правец мора да преземе многу итни мерки, да ја подготвиме таа гранка, да располагаме со проекции, да го искористиме искуството од други земји кои беа кандидати за влегување во ЕУ и на кои што им се отворија тие фондови. Според тоа, во тој дел економски мора да се направат крупни чекори. Како ние воопшто ќе се конкурираме со светот, кои држави вакви во тгранзиција и во развој имаат високи стапки на развој. Например како ние ќе се к онкурираме со Кина која има 10% развој, а ние срамежливо ќе зацртаме 3,8%, 4%, а ќе оствариме 2% или 1%. Ние вака отворени на конкуренцијата на Светскиот пазар изложени на сите влијанија под мотото дека ние се бориме за ефикасно стопанство, ние практично со несоодветен развој ние мора да одиме многу посмело во своите предвидувања, меѓутоа и да го обезбедиме тој развој со 8%, 9%, затоа што ние длабоко заостанавме во тој развој со инфлација дури до 10%., со еден флуктуирачки курс кој што практично ќе значи ноторна снага за рзвојот на економијата и за динамизирање на извозот. Според тоа, на оваа Влада покрај сите овие други решенија и во образованието и во здравството и во судството што се паралелно треба да се решава. По мое длабоко убедување, тоа сто пати сум го рекол, најголемиот предизвик ќе биде економскиот развој. Јас длабоко верувам дека овој пат укажувањата во тој правец се сериозни, дека Владата сериозно ќе го сфати овој проблем како голем предизвик и дека енергијата, снагата, знаењето, умешноста ќе ги активира во овој правец, влегувзајќи и во одредени ризици кои мора да се смалат на минимум, но, со една таква политика каква што е проверена во светот, каква што даде големи резултати, ние можеме само да сметаме на излез од оваа длабока криза.

Често пати и ние како опозиција ја тераме позицијата да срља во грешки. Па така, силно ја критикуваме затоа што нема странски инвестиции. Владата за да ги оправда тие состојби приоѓаше на распродажба на домашниот капитал. Целокупните инвестиции во изминатите години се содржат во продажбата на постојната

индустрија, на постојните капацитети и тоа се подразбираше дека е странска инвестиција. Под поимот странска инвестиција се подразбира некој да донесе пари и изгради нови капацитети. Ние под странска инвестиција заведовме дека е и тоа што се купува во Државата од разни страни и од надвор и од дома и кога се продаваат крупни капацитети и тие пари кога ќе ги ставиме во Буџетот и ги дадеме во потрошувачката, тогаш јасно е дека ние срљаме во тотална пропаст и го продаваме својот капитал по багателни цени. Тоа е исто да земеш кредит од 100.000 евра, да направиш куќа и со каматата треба да вратиш 150.000 евра, а куќата да ја продадеш за 20.000 евра, тогаш како човек, како домаќинство ќе пропаднеш. Така и Државата работеше за овие 15 години. И оние приватизации што се направија како што е "Телеком", а сега еве се заговара "Електростопанство" тие средства не се употребија во обновувањето на македонската економија, тие средства отидоа воглавно во непродуктивни инвестиции и воглавно во потрошувачката. Според тоа, ние мораме од сето тоа да извлечеме заклучок и да ги зауставиме тие процеси кои нанесуваат големи загуби. Јас ќе подржам секоја влада што во овој правец ќе донесе ефекти, ќе постигне резултати и ќе бидам среќен државата во која што живеам да крене во правецот на развојот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Процедурално има Жарко Караџоски

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Почитуван претседателе, ако навистина на почетокот на оваа седница прифативме некаков начелен договор денешната седница да се одвива на тој начин, сакам да реагирам од ова што сега ни се доставува овде како листа на пријавени дискутанти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Јас ќе реагирав за тоа. Мојата реакција е следнава: Сакам да ги дообјаснам одредените работи. Бидејќи имаше премногу пријавени, редоследот беше формиран и испечатен на оваа листа која сите ја добивте. Заради техничките недостатоци на системот моравме да ја направиме така, за да можам да знам кој ќе се јави за реплика. Поинаку настанува хаос. И јас ќе одам по оваа листа, бидејќи оваа листа ја имате сите. Кој смета дека прерано се пријавил, или мисли дека не е време да заеме збор, нека се откаже. Господинот Караџоски е во право, тие по оваа листа гледаат на кое место се, можеби ќе се спремат или можеби ќе бидат отсутни. Затоа јас ќе одам по оваа листа, а господине Караџоски Вие може да очекувате дека некој ќе рече: јас се откажувам, или нема да биде тука присутен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Јас сакам друго да кажам. Прво сакам да кажам Претседателе, дека вака како што ни е доставена листа и доколку одите по неа, воопшто не е во ред соодносот. Второ, кој се најде се пријави, што само значи дека не мора да значи ако сега некој е трет овде, дека мора трет, во моментот не е тука и тн. Ние го имаме деловничкото право да се пријавиме секогаш кога за тоа мислиме, па и да се одјавиме од дискусија. На начин кој што имаме список, еве дообјаснете за подобро да знаеме. Што ако во моментот еден од пријавените на листата не е тука, а сака подоцна да се пријави, или што ако сака да се одјави, да биде подоцна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Вие право за пријавување имате секогаш, или ако не сте присутни вашиот ред ќе помине но секогаш имате право за пријавување. Но, ние денеска планираме да работиме до 19,00 часот и јас мислам дека нема да ја завршиме оваа листа ако дискутираме скоро по цел час. Утре во 9,00 часот ќе се состанеме со координаторите и ќе се договориме како понатаму ќе работиме во однос на оваа листа и дискусии. Мислам дека до листата денеска не можеме да стигнеме, затоа што сега на ред е господинот Стојан Андов, а потоа госпидинот Благој Голомеов и по него господинот Замир Дика.

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господин мандатор, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги,

Со внимание ја прочитав Програмата на Владата што ни беше доставена, со внимание го ислушав уводното излагање на мандатарот господинот Бучковски, со внимание ги читав стенографските белешки што ни ги дадоа од ова излагање. Излагањето, за разлика од Програмата е поексплицитно и има во него поголема доза на надеж, очекување и ветување. Надеж дека дефинитивно ќе тргнат работите на сите полиња и ете и на полето на економијата. Таа надеж кај господинот Бучковски мислам е природно заснована. Тој доаѓа сега за претседател на Владата на половината од мандатниот период на овој парламентарен состав, кога му остануваат уште две години, а оние претходни две години беа покриени со излагање и програми и ветувања, ама со нереални ветувања и со неостварени ветувања, посебно во областа на економијата.

Сега нему му останува во овие две години да направи прекин на тие текови, да направи пресврт во тековите и дел од надежта што ја вложуваа граѓаните

на изборите да оствари во овие две години. Ако тоа не го оствари господинот Бучковски сакал или не сакал е одговорен за сите четири години и ќе си носи последици за сите четири години неуспех. Ако одговори на тие ветувања, се разбира, ќе се разбуди некоја надеж во државата кај граѓаните.

Сега ние сме опозиција и сигурно нам ни е важно да ги истакнуваме слабостите на Владата и неуспехот на Владата би идел во прилог на опозицијата. Меѓутоа јас потсетувам дека ние фактички 12 години, до 2004, година, економски паѓаме 12 години и едноставно ако се задоволиме со таа амбиција да на и нам како опозиција ни биде добро со тоа што нема да успее овој пат Владата, ќе бидеме како граѓани на оваа земја многу тешко погодени, затоа што и овие од опозицијата и од партиите на власта, членството и симпатизерите се граѓани. Многу тешко ќе бидат погодени и сите ќе ги сносат последиците. Од тој аспект е тоа. Интерес ни е да укажеме на некои работи, да помогнеме макар и политички би добил со тоа ако успее господинот Бучковски, да помогнеме да му покажеме, да му укажеме ако може да ги поизмени условите на работа и се што ќе работи да постигне некој успех. Успехот овој пат има повеќе значење од било кога за цела држава и за сите граѓани. Граѓаните цело време се следени со неуспешна политика и овој пат е страшно важно да добијат некое охрабрување нешто малку и да успее. Поради тоа на таквата потреба и на таквата нужност на однесувањето на опозицијата заради одговорноста пред гараѓаните ќе се задржам само на два аспекта од проблематиката што ја покриваат и со програмата и со излагањето што е покриено и со излагањето на господинот Бучковски.

Прво е прашањето на безбедноста чиј врв на загрозена безбедност се искажа со состојбите во Кондово. Но, тоа повеќе личи на една санта лед каде поголем дел не се гледа и оттаму јас ги разбирам овие укажувања и на господинот Рамадани ако може уште некое прашање да се реши, ако може уште некој ден преговори, уште некој напор да се разговара итн, за да не дојде до некоја друга разврска итн, за да не ни се јават многу Кондови слични, а тоа пак нам ни укажува дека фактички еден од најважните проблеми во државата е што во спроведувањето на Рамковниот договор една од најголемите основни страни од основните аспекти е запоставена и неуспешно ја тераме. Основен принцип во Рамковниот договор е насилството да не смее да биде употребувано во политички цели. Но во Македонија има многу нелегално оружје. Не успеа обидот да се собере оружјето. Има многу оружје кај поединци и групи, кои малку, малку, па искажуваат преговарачки интересе и позиции и не гледам зошто господинот Бучковски справувањето со овој проблем и

мобилизацијата и на помошта на коалиционите партнери но и на Меѓународната заедница, потписниците на Рамковниот договор да го стават како прв приоритет, елиминација на насилството како средство во политиката и собирање на оружјето. Да се собере оружјето. Невозможно е во едно село да има стотици да

речеме наоружани луѓе, од каде им е тоа оружје ако не било тоа тука. Веројатно за некое друго незадоволство во друго село исто така, па дури и да се заканувааt и со ракети ќе не погоделе и не знам што итн, итн. Потценето е тоа прашање, не го добил приоритетот и нема програма ниту навестена дека ќе се остварува таква програма, дека ќе биде поставена таква програма, дека ќе се поставаат тие работи и тие барања и од Меѓународната заедница да помогнат колку што сега сме информирани по степенот на присуство на нелегално оружје, особено во некои делови на Републиката. Полошо стојат овде работите и од Босна и Херцеговина и од Албанија.

Според тоа, тука треба да се ориентираат и коалицијата и коалиционите партнери и сите други други партии, посебно партиите од оние кои имаат најмногу гласачи од електоратот од нашата албанска етничка заедница.

На ова сакам да укажам бидејќи морам да ви кажам дека многу тешко е понатаму да се разговара и размислува за стабилност, стабилизација и перспективи на другите точки од животот, ако овде нам реално ни се заканувааt такви можности, денес да биде Кондово, утре да биде Џепчиште, задутре да биде на Шипковица или на не знам кое друго место итн.

Точно е тоа дека ние немаме школи изградено секаде како што треба. Точно е и тоа дека и други работи не сме изградиле. Сигурно, немаме водоводи, немаме доволно патишта, сето тоа е точно. Меѓутоа, мора да се елиминира мобилизацијата со оружје да се бара било што и да се изнуди било што од Владата. Одговорноста треба да ја сносат оние коалициони партнери, кои најмногу имаат влијание таму. Се сеќавате ли на стоте дена кога прв пат имавме право да поставуваме прашања пратенички и го прашав господинот Црвенковски, има ли тој пишан договор со ДУИ, кои обврски ќе ги преземе ДУИ. Тој вели нема и никогаш не ни требало. Никогаш не ни требало, ама прв пат ние имаме политичка партија која е формирана од претворена паравоена организација. Ние направивме и амнестија и тие се рамноправни со нас овде како пратеници и сето тоа е добро, ама тие дали си ја завршиле работата или сите оние наоружани луѓе, ветувања што имало итн, тоа треба да се истера и да се доврши тоа прашање. И, не треба да се одлага тоа прашање. Тоа е првата област што сакав да ја кажам.

Второто прашање е врзано со економија и нема да зборувам за другите аспекти. Кога се прават овие прогнози околу нашиот економски развој, се заборавaат некои основни факти. Република Македонија и во времето на СФРЈ беше недоволно развиена република и таа немаше сопствена акумулација во доволно ниво и доволна количина да може да се развива. За да одржува некој развој, таа мораше да добива дополнителна акумулација од сојузни средства од другите републики и покраини, од Фондот за развој на недоволно развиените, за побрз развој на недоволно развиените републики и покраини.

Според тоа, во услови кога имавме затворен пазар, кога конкуренцијата од надвор беше многу ограничена и контролирана, во пазар од 22 милиони луѓе, нашето стопанство, нашата економија не беше во состојба да обезбедува оддржлив развој. Не беше во состојба за да може колку толку да не се зголемува разликата во развојот со другите републики и покраини. Од просекот на земјата мораше да добива дополнителна акумулација. Таа дополнителна акумулација беше зајакната во периодот од 1976 до 1982 и 1983 година кога за 6 или 7 години влегоа во Македонија милијарда и двесте или триста милиони долари странски средства кога цела земја огромно многу странски средства искористи и имаше и многу погрешни инвестиции, но тогаш настанаа сите тие фабрики и тогаш се забрза и вработувањето во Македонија и тогаш малку зајакна нашата економија. Оној момент кога требаше да се исплаќаат тие средства, веќе македонското стопанство не беше во состојба да ги исплатува. Мораше да се донесе сојузен закон за т.н. покривање на курсните разлики, па ние да добиеме средства, за да можеме да ги купуваме на пазарот тие девизи и да ги исплаќаме доспеаните обврски.

Сега, што правиме ние откога сме самостојна држава наваму. Странските кредити што тогаш се земени оставија трага во нашиот развој, се направија многу куќи, се направија многу туристички објекти, се направија многу фабрики, но не можеме да ги плаќаме. Со Меѓународната заедница, со помош на ММФ и Светска банка се изврши преоценка на нашите можности и фактички се направи договор и за делумно отпишување, посебно по Лондонската спогодба одредена сума на пари, а делумно да се пролонгира рокот и да бидат подобри условите на отплата. Но, ние сега, наместо тие милијарда и триста милиони заедно со клириншките долари сме должни милијарда и седумстотини милиони долари, а нови капацитети не подигнавме. Немаме подигнато нови капацитети, немаме нови фабрики, немаме нови производства, немаме нови стоки, немаме нови производи. Ние имаме спогодби со ММФ, кои обезбедија досега да имаме макроекономска стабилност во

државата и тоа е добар резултат. Тоа не е лош резултат и тој резултат не смее туку така да се жртвува.

Меѓутоа, структурните недостатоци, големата економска слабост, финансиска на нашата држава како заостанато подрачје не овозможува тие резултати во макроекономската политика да дадат резултати во растот, во квантитетот да почне земјата да се развива. Затоа, сите странски кредити кои овде ни доаѓаат или идат за реконструкција на нашите кредити или одат за некои основни задачи да се решат, околу автопатот, да кажеме, и некои такви други потфати кои ги имаме. Ние намаме со ММФ и со Светска банка, не можеме со нив да развиеме производство. Тоа не доаѓа предвид, не е нивна задача, не е нивна функција да се развие производството. Со сопстена акумулација ние не можеме да развиеме производство. Ако сакаме да развиеме производство мора да дојдат странски приватни инвестиции. Странските приватни инвестиции еден од условите е Кондово и безбедноста, друг услов е доверба во економската сила на таа држава што тој странски инвеститор треба да ја има. Таа доверба не може да ја даде Македонската Влада, таа доверба не можат да ја дадат македонските експерти, таа доверба може да ја искреира Меѓународната заедница со мерките што ги презема во вакви случаи, уникатни случаи како што е нашиот случај. Ние сме помала земја и од Бугарија, дури сме помала и од Албанија, помала сме и од Унгарија, помала сме и од Чешка, помала сме и од Летонија итн. Меѓутоа, нашиот пазар е неразвиен. Ние имаме домашен мал пазар. нашиот пазар не е стимулативен фактор на обемот на производството. Субоптимален е нашиот пазар за било кој капацитет рационален. Рационален капацитет мора да оди во странство, мора да извезува, мора да има таков пазар, а за тоа треба инвестиции, модерна технологија, модерни дизајни и се модрно треба да биде.

Сега, ние не можеме да ги користиме дури ни вообичаените начини на привлекување на странски приватни инвестиции во некои земји каде што се пробани, со тоа што ќе се обезбедат закони кои ќе ги имаме кај користењето на градежното земјиште, заштита на капиталот итн. Тука има големи и не сме завршиле работа, иако ги ветуваме многу одамна, мислам дека господинот Бучковски таа работа ќе ја истера. Тука тоа може да го направи. Меѓутоа, не верувам дека тоа ќе биде доволно. Тоа може после 7, 8 или 10 години да почне да се раѓа свест и кај странските позначајни инвеститори, оти ете и таму има каде да се вложи. Мала земја сме, сосема сме мала земја, мал пазар и многу неразвиени.

Затоа, многу често зборувам за валутен борд. Валутниот борд ако презема исти мерки на Секторот на заштита на макроекономската политика, тој не е ист во лицето, во очите на странските приватни инвестиции. Тие инаку гледаат. Јас сакам да ве потсетам, ова сега што го зборував го знаев уште од поодамна и затоа во 1993 година го поканив, овде беше спомнат Џефри Сакс, а Стив Хенки има повеќе такви потфати направено од Џефри Сакс. Стив Хенки дојде овде. Тој веднаш за 3-4 дена ја свати работата дека овде ние сме уникатна средина, уникатен случај, неповторлив случај и оти треба нешто посебно да се искреира за нас.

Тој веднаш предложи да воведеме валутен борд. Не заради тоа што мислеше дека ММФ не може да не натера да ги спроведуваме вообичаените мерки на валутниот борд што го спроведува таму ваму. Туку, заради тоа што мислеше во валутниот борд тој да биде претседател, а да биде уште од два члена составен. Едниот да биде заменик директорот генерален на Дојче банк, и вториот да биде заменик генерален директор на Вотората Јапонска банка, по сила. И имаше согласност од таму. Нашите експерти имајќи комплетно примитивна пртстава за тоа што е валутен борд и што се вистинските намери овде, ја одбија таа понуда го убедија и тогашниот претседател на државата и претседателот на Владата дека понудата треба да се одбие. Тој потоа отиде во Естонија, ја исправи работата, отиде во Летнонија исто така ја исправи работата, сега е супер визор на бугарската реформа и на валутниот борд.

Јас овде не зборувам дали ние овде имаме способни луѓе и дали имаме луѓе кои знаат. Знаат ама нив им се верува до Табановце. Никој не е должен понатаму нив да им верува. А, на тој шт е заменик директор на Дојче Банк, тој има илјадници инвеститори кои ги помага по разните фондови, таа банка е присутна во структурата на германските фондови, тие сите имаат доверба во него.

Исто е и со јапонскиот капитал, вие знаете само во Полска 10 милијарди и 700-тини милиони дојде јапонски капитал, овде ни даваат по 5 милиони помош и еве сега за Злетовица ни дадоа еден убав кредит со кој доста се зафркаваше нашата Влада и нашите министри, дури и да може нешто да се направи. Затоа јас очекувам, можеби сега е под политички притисок г-динот Бучковски, очекувам првите месеци кога ќе видат, и ништо друго не оди, првиот предлог јас очекувам исто така на ММФ да биде, да се воведе валутен борд, да испреговара негов состав на влијателни луѓе кои можат да обезбедат гаранција овде да продре странки капитал. Сите други идеи и за концесии, поволни услови за ова или за она, дури тогаш ќе почнат да живеат, без тоа ќе бидат мртва работа, да знаете. Само ќе направиме конфузија во

државата. Нека поразмисли, нека види, нека праша, не да ги праша тие што постојано одбивале 10 - 11 години одбиваат такво размислување и еве до каде дојде државата. До овде дојде. И, нека се реши, тоа ќе му биде пресврт и во кариерата, тоа ќе биде пресврт во Македонската политика, тоа ќе биде пресврт и во меѓуетничките односи. Јас, ве молам сега, што можеме ние ако тие луѓе искрено во Кондово ништо друго не сакаат, еве, да излезе дека е така, можеби не е така, јас не верувам дека е така, ништо друго, туку сакаат вработување. Што ние можеме да им ветиме. Ни на македонец ни на албанец ништо не можеме да им гарантираме. Ништо не можеме да им ветиме. Само отпуштања, ништо друго. Може да ги вработиме само во полиција или војска. Ништо друго, никаде на друго место.

Ако го прекршиме тука, како што ви велам, ако се скрши трендот и тековите тргнат, сосема друга приказна ќе биде за секој кој се подредува на законите и на политиката на владата. За секој еднакво без оглед на политичка или етничка припадност ќе има работа и ќе може да се вработи и ќе најде излез. Не ќе мора да зема калашников за да преживее, ќе може да има добра плата, ќе може утре да се купи и кола и тн. Се решаваат и меѓуетничките проблеми, барем оние кои се објективни, да кажеме, зависат од условот на живеење.

Доколку имаме ние валутен брод, и за тоа да застане навистина меѓународната заендица какви насилни потфати овде, па тие ќе ги дигнат сите влади да знаат кои се овде разбојници, кои се насилници и зошто се такви. Ќе влезат тие во глувчеви дупки, а не, да ни го цртаат претседателот на државата, К-15 што го претставува како се сокрил во глувчева дупка.

Јас го сваќам г-динот Бучковски и сака да напрви пресврт, ако сака да направи пресврт во економијата, тој сега е исправен пред една дилема, ветувањата ги дава и се надева на нашто, ама ни подели буџет и политики, како минатата година. Со буџетот кој е даден, 2005 година ќе биде како 2004, без гајле. 15 милиони евра ќе бидат за земјоделие, друго ќе нема, незнам негде ќе се мрдне, мислам 15 милиони евра. Ако го видите буџетот, ако ги видите политиките што ни се дадени нема разлика меѓу 2004 и 2005 година.

Затоа уште еднаш одовде велам, да се размисли човекот. Има многу одговорна работа, пред се тој е прв претседател на Влада што ќе биде, а да не е Бранко Црвенковси, а да потекнува од СДСМ. Дали таа партија ќе ги задржи тие трендови на конзерватизам и упропастување на економијата во земјата или навистина ќе направи пресврт, од него ќе зависи. Еве му ковертиран потег, сега, да видиме дали ќе ги прифати овие сугестии.

Составот на Владата како што е сега, политиката која е сервирана во буџетот, и во политиките кои се дадени, девизната, монетарната итн., не ми даваат никаква врска меѓу ветувањата на г-динот Бучковски, и тоа што ќе се случува во практиката. И, заради тоа ние таква Влада нема да поддржиме. Ако направи ваков пресврт ќе ја има целата наша поддршка.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам г-дине Андов.

Пред да му дадам збор на г-динот Голомеов, господине Андов, јас, а верувам и другите пратеници, ве почитуваме и заради вашите години, сметам дека сепак останува на вас, во оној дел во кој што беше во вашата дискусија, за претседателот, г-динот Бранко Црвенковски, дека не доликува на оваа говорница, останува на вас дали ќе се извините или не. Сепак не сакав да ве прекинувам во текот на дискусијата, но сметам дека тоа не доликува.

Повелете г-дине Голомеов, нареден за дискусија е г-динот Замир Дика.

Извинете г-дине Голомеов, реплика има г-дин Невзат Бејта и Рафиз Алити, по него.

Повелете г-дине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам, ги поздравувам сите, ќе реплицирам од причина што предговорникот г-динот Андов не кажа ништо во однос на говорот кој што го одржа мандатарот, новиот мандатар, туку се фати за некои работи , а неговиот стил е познат на јавноста, на албанската јавност и вели дека нелегално оружје имаат само албанците и ги спомна само албанските локалитети. Нелегалното оружје не постои само кај албанците. Такво нелегално оружје нема само во Македонија, нелегално оружје имаат и во Швајцарија, Германија, Србија и во сите места. Меѓутоа, тука во нашата држава нелегално оружје имаат и албанската заедница и македонската заедница. Минатите Влади не направиле ништо досега во интерес на граѓаните. Нелегалните оружја од нашата држава ќе исчезнат тогаш кога ние овде како пратеници ќе донесеме закони кои ќе бидат во интерес на сите граѓани и ние не можеме да ја намалиме невработеноста доколку не донесеме добри закони. Кога ќе го направиме тоа, ќе создадеме политички кредибилитет во нашата држава за да дојдат инвеститори од сите развиени држави и да излеземе од длабоката економска криза.

Не треба да се занимаваме со нелегалните оружја и не треба да говориме само за тоа дека основен, главен виновник во нашата држава се само албанците. Виновни се сите граѓани кои се незадоволни. Незадоволството доаѓа токму од причина што треба да донесеме закони кои што се во интерес на сите граѓани.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам, г-дине Бејта.

Повелете г-дине Андов една минута.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас не тврдам и не реков дека има албанската заедница во Македонија оружје, или да има македонската заедница оружје. Реков дека има поединци и групи особено на подрачјата каде што беа воените конфликти. Тоа е точно.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-дине Андов.

Следен за реплика е г-динот Рафиз Алити.

Повелете г-дине Алити.

РАФИЗ АЛИТИ:

Благодрам, г-дин потпретседателе,

Вистина е констатацијата на г-динот Андов, дека кај населението се наоѓа или многу оружје, или исто така вистина е и тоа дека тоа што го велам јас, оружје има и кај другото население, не само кај албанците бидејќи во текот на распаѓањето на бившата Југославија некоку пати имаше поделба на оружје кај граѓаните, поделба на оружје имаше и во текот на 2001 година. Значи, оружје нема само кај вооружените формации, туку оружје имаше и кај граѓаните цивили. Се поставува прашањето колк е прибрано тоа оружје. Треба да бидеме искрени има многу оружје и кај албанците и кај неалбанското население и кај немакедонското население, и кај албанците.

Ние треба да бидеме свесни дека криумчарењето дека не познава партиски или национални бои, туку доколку ништо во оваа држава и на Балканот не функционира, најмалку криумчарењето со оружје или со нешто друго функционира. Така што не е добро априори да се обвинува едно население.

Тоа што ми даде повод да реплицирам, незнам, г-динот Андов но и опозицијата, некогаш дали има поставено прашање самиот себе си колку тие влијаат кај населението независно, нема да говорам врз етнички основи, влијаат оружјето да го држат со политички мотиви. Оваа Влада во овој двегодишен состав се потруди

навистина оружјето кое што се наоѓа кај населението да нема политички мотиви. Јас би го потсетил г-динот Андов, дека било за измените направени во преамбулата, тој излезе пред македонското население и рече, еве победија, или се чувствуваа како победници. Или, во текот на донесување на Законот за државјанство, опозицијата отиде толку далеку кога рекоа дека над 100 илјади албанци ќе добијат државјанство. Или во текот на законот за официјализација на тетовскиот универзитет ќе го потсетам какви дебати имаше овде и против кого беа насочени тие расправи. Или во текот на законот за територијалната организација што оваа Влада и оваа коалиција се потруди да ја посее таа политичка клима, носењето на оружје и меѓуетничките недоразирања да не бидат од природа како што беа претходно.

Благодрам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Алити.

Повелете г-дине Андов, една минута.

СТОЈАН АНДОВ:

Со сосема добра намера ги кажав овие работи, оти за да се знае дека употребата на нелегалното оружје во политички цели во уцени и тн., е против рамковниот договор и кажав дека тоа одбива можност на секаков развој во државата. Тоа го реков. Инсистирам тоа да се свати и прифати и да не се прави како да не се разбира што кажувам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-дине Андов.

Збор има г-динот Благој Голомеов, а по него е г-динот Замир Дика.

Повелете г-дине Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани кандидати за министри во новата Влада на Република Македонија, почитувани пратеници,

Јас ќе се обидам да бидам пократок и по концизен бидејќи верувам дека само на тој начин ќе оставиме простор сите да се искажеме по ова важно прашање кое е денес на дневен ред, а тоа е изборот на нова Влада на Република Македонија.

Пред нас се наоѓа предлог за избор на Влада. Ова е четврт владин кабинет во изминативе две години, што е резултат, пред се, би рекол, на овие кризни случувања на политичката сцена и секако на обиди да се компонира владин тим, кој што е можно поуспешно ќе се носи со предизвиците кои стојат од Република Македонија и

на внатрешен и на надворешен план. Во прилог на ова тврдење е и фактот дека персоналиот состав на Владиниот тим во изминативе две години имајќи го во предвид денешниот предлог кој се наоѓа пред нас се карактеризира со висок степен на постојаност. Едноставно нема драстични промени во предложениот состав, како што нема драстични промени и во с тратешките приоритети имајќи го во предвид и денес презентираното експозе на мандаторот.

На внатрешен план секако најзначајни, најприоритетни, би рекол нај ургентни се прашањата поврзани со безбедноста и пред се, економската ситуацијај во земјата. Впрочем тоа заедно со доследното спроведување на рамковниот договор кој преку уставните амандмани е преточен во Уставот на Република Македонија и претставува основен предуслов за наша интегрирање во меѓународната заедница односно Евроатланските интеграции и претставуваат приоритет и на оваа владина коалиција од моментот на преземањето на власта во 2002 година.

Во изминативе две години ако малку пообјективно се гледаат работите мораме да признаеме и констираме дека е направено многу на безбедносен план. Не смееме да заборавиме дека само пред три години бевме на работ на граѓанска војна и за само три години успеавме да дојдеме во ситуација да бидеме најсериозен кандидат, за полно правно членство во НАТО структурите, при следното проширување на Алијансата кое треба да се случи во 2007 година, и дојдовме во ситуација да аплицираме со добри шанси за добивање на статус земја кандидат за полноправно члество во ЕУ.

Ова за сите политички аналитичари домашни и странски кои мораме да признаеме малку пообјективно и покомплексно гледаат на рботите, претставува голем исчекор за Република Македонија во позитивна насока. Меѓутоа, случувања, пред се случајот Кондово, а и фактот дека во по одделни делови од тн., кризни подрачја сеуште има определени појави на помали вооружени групи кои од криминални или други побуди можат да предизвикаат негативни импликации врз безбедносната ситуација, претставува јасен сигнал дека пост-конфликтниот период не е завршен, и дека треба многу напори и енергија пред се, од државните структури и органи надлежни за тоа за ефикасно попречување и разрешување на ваквите кризни ситуации во правец пред се, на смирување на состојбите, зацврстување на довербата на населението кон институциите на системот, но и во правец на инсталирање на правна држава, во права смисла на зборот, кое ќе ги штити интересите, мирот и спокојството на своите граѓани. Притоа треба да се користат

сите средства и можности проблемите од ваков карактер да се разрешуваат по мирен пат и со политички средства.

За тоа треба да се мобилизираат сите државни капациутети, за кој сум убедендека и те како постојат.

Почитувани пратеници, по однос на овие прашања треба да и дадеме полна поддршка на Владата, не смееме да дозволиме ваквите, би рекол, круцијални прашања како што се прашањата од безбедносен карактер да бидат предмет на теснопартиски или дневно политички цели. Интересот на сите нас е и мора да биде стабилна и просперитетна Република Македонија која секако треба да егзистира и опстојува на принципите на правна држава, а не на принципите на меѓупартиски или недајбоже меѓу етнички компромиси. Само на тој начин можеме да го забрзаме нашот од кон полноправно членство кон Европските и Евроатланските структури кон кои консензуално се стремиме. Тоа не значи дека меѓу партиската соработка и меѓуетничките договарања не треба да бидат предмет и не треба да им се даде значење, меѓутоа, сигурно не треба да бидат основа за опстојување на правната држава.

Во овој правец се и започнатите реформи на правосудниот систем. На тие реформи упорно треба да се инсистира и опстои. Како припадник на прламентарната група на Либерално демократската партија која од почетокот инсистира на овие реформи ме радува фактот дека истите веќе претставуваат приоритет за сите политички структури во земјава. Со тоа се создаваат предуслови за сеопфатни и темелни реформи за што е потребна промена на некои уставни решенија кои не можат да се изведат без поширока политичка поддршка. Сите сме свесни дека само со брзи и ефикасни реформи во оваа сфера може да се дојде до ефикасен правосуден систем кој претставува основа за борба против сите зла.

Само со брзи и ефикасни реформи во оваа сфера, може да се дојде до ефикасен правосуден систем, кој претставува основа за борба против сите зла во една модерна држава, а тоа се митото, корупцијата и сите видови на криминал, пред се организираниот.

Од тоа колку ефикасно како држав а се справуваме со овие зла, директно ќе зависи нашето стабилизирање и на безбедносен и на економски план.

Вториот приоритет кој стои и пред овој владин кабинет на внатрешен план е токму сложената економска ситуација во земјата која создава социјална и егзистенцијална несигурност кај голем дел од нашите сограѓани.

Во изминатиот период, во најголема мера се разрешија проблемите со таканаречените фирми загубари, како обврска преземена, а нереализирана од страна на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, уште со потпишувањето на ФЕСАЛ 2 аранжманот. Од друга страна, многу напори, време и енергија се изгуби за разрешување на проблемите кои беа наследени, произлегуваа од нетранспарентната, би рекол, криминална приватизација на многу значајни фирми. Така да наместо нивна ревитализација следуваше нивно натамошно пропаѓање и обезвреднување. Сега се создадени предуслови за ефикасно рестартирање на многу значајни капацитети кои треба во голема мера уште во првата половина на 2005 година да ја променат економската ситуација во земјата. За тоа е потребно натамошно стимулирање на приватната иницијатива и побрзо создавање за сите предуслови преку прилагодување на законската регулатива и преку користење на сите други економски инструменти за поинтензивен влез, за нас толку неопходниот нешпекулативен странски капитал.

На сите ни е јасно дека поинтензивните реални странски вложувања во нашата економија се неопходни, ако сакаме поголем и побрз исчекор во насока на стабилизација на економската ситуација во земјата преку динамизирање на стопанските активности со забрзано создавање за нас, толку неопходните работни места.

Исто така, во наредната година очекуваме многу поефективна реализација на буџетските средства наменети за капитални инвестиции, кои за нашата слаба економија можат да бидат и те како значајни и да влијаат во насока на раздвижување на економските активности и подобрување на економските индикатори. За мене, верувам и за сите пратеници е неприфатливо во претходните две години да не се искористат максимално ваквите средства, без разлика на одредени објективни причини поради ова, ЛДП излезе со предлог за создавање на министерство за капитални инвестиции, предлог за кој мислам дека е неопходно уште еднаш да се размисли.

Се на се и овој владин состав, според сите најави во однос на макроекономската и монетарната политика ќе ја задржи генералната стратегија на натамошно одржување на ценовната стабилност како основна монетарна цел. Притоа, како што беше најавено и натаму ќе се применува стратегијата на таргитирање на номиналниот девизен курс на денарот, иако ваквата стратегија во стручната јавност наидува на спротивставени мислења.

Значи и во наредната година ќе продолжи политиката на ниска инфлација, низок буџетски дефицит, контролирано трошење и проектирање, раст на бруто домашниот производ од околу 4%. Да се надеваме, а во тоа лично сум убеден дека ваквиот проектиран раст конечно ќе го оствариме, имајќи ги превид сите веќе создадени претпоставки за тоа.

Почитувани пратеници,

Она што посебно радува е решеноста на овој владин кабинет да истрае до крај во спроведувањето на структурните реформи и по цена на паѓање на сопствениот политички рејтинг. Тоа е основен предуслов за пред се, економско заздравување на Република Македонија  и тука Владата треба да добие широка поддршка од сите релевантни фактори. Нема веќе ниту простор, ниту место за импровизации и комотни однесувања. Проблемите мора да се нападнат и решаваат без оглед на политичката цена.

На надворешен план од новата Влада очекувам максимално да ги активира активностите поврзани со нашите вропски и евроинтегративни процеси. Во таа насока, радува фактот дека Владата делумно ја прифати иницијативата на ЛДП, иако ние се залагавме за посебно формирање на министерство за евроатлантски интеграции, сметам дека и на овој начин со формирање на секретаријат за евроинтеграција, како посебно тело во рамките на Владата, според словенечкиот модел ќе се даде нов поинтензивен импулс, нови процеси консензуално прифатени и поддржани од сите политички фактори во Република Македонија. Во  насока на приближување  кон европските и евроатлантските институции, покрај реформите во одбранбениот систем кои се оценети  за исклучително успешни, како што е познато, овогодишната национална стратегија за приближување кон НАТО, беше оценета како најуспешна до сега, подобра и од оние на Албанија и Хрватска, како наши партнери во рамките на Јадранската лига. Значи освен реформи, кои и понатаму треба да се одвиваат со исти интензитет, сметам дека позначаен исчекор во започнатите реформи во правосудниот систем и забрзаното усогласување на нашето законодавство со европското, а за тоа одговорноста треба да ја преземеме и ние како Парламент, ќе значи остварување на нашата примарна цел, добивање покана за полноправно членство во НАТО и стекнување со статус земја кандидат за членство во ЕУ до 2006 година. Што значи тоа за Република Македонија? Пред се на безбедносен и економски план, на сите ни е добро познато. Само пристапот до сите компензациони фоднови на ЕУ и условите што ќе се создадат за многу поинтензивен

влез на странски инвестиции од корен можат да ја променат економската ситуација во Република Македонија.

На крајот, секако дека она што непосредно предстои пред оваа Влада на надворешен план е час побрзо да се изнајде начин да се изврши одбележувањето на границата спрема Косово. Тоа е задача, која би требало да биде рутинска, имајќи го предвид фактот дека не постои ниту едно спорно прашање, меѓутоа, многу е значајна оваа работа да се реализира час побрзо, за да се избегнат било какви индикации во Република Македонија, кои би можеле да произлезат од процесот на разрешување на финалниот статус на Косово, кој треба да започне во 2005 година.

Се на се пред нас се наоѓа Предлог за состав на владин кабинет, за кој сум убеден дека е доволно способен и кадарен да се зафати за разрешување на сите горливи прашања во Република Македонија. Со право граѓаните на Република Македонија од него очекуваат многу.

Затоа, јас лично, а и пратеничката група на ЛДП ќе му искажеме полна поддршка.

Блаодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Голомеев.

Има пријавено двајца пратеници, господинот Апостоловски Никола и господинот Трајановски Коце. Господинот Апостоловски не го гледам тука.

Повелете господине Трајановски имате три минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе. Јас би сакал една кратка реплика на мојот колега Голомеев во делот каде што искажа дека во последните две години, значи до 2002 година, најверојатно мислеше криминалната приватизација која што е од времето на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас пред неколку дена реплицирав на еден исто така, мој колега од позицијата и сега ќе повторам дека Република Македонија, практично сето ова што и се случува го трпи како последица од лошата криминална приватизација, која што започна во раните 90-те години, а 90% беше завршена до крајот на 1998 година. Од 1998 година наваму останаа помалку проценти. Значи не треба да се коментира само еден период кога се коментира приватизацијата, треба во целост да се коментира, бидејќи најголемите капацитети во Република Македонија , или беа уништени, или беа приватизирани, особено оние монополните, токму до 1998 година во времето кога ВМРО-ДПМНЕ практично не беше на власт. Значи не треба тука некој да се

амнестира, во еден долг, тажен период на приватизација на Република Македонија, или да речам едно големо зло што беше. Тие држави кои што направија успешна приватизација, тие држави веќње сега чекорат со многу крупни чекори напред кон ЕУ и веќе се спасуваат. Ние сеуште мислам дека сме на почетокот. Инаку, вака и лично до партијата на ценетиот мој господин Голомеов да му кажам дека нивниот лидер е практично претседател или градоначалник на градот Скопје, во кој што се приватизирани три јавни градски претпријатија, Топлификација, Бутел и Скопски Пазар, кои што од јавни градски претпријатија, станаа акционерски друштва под многу сомнителни околности и мислам дека допрва тука е има многу работи за Јавниот обвинител и за сите други кои што сакаат да видат каква била таа приватизација.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Трајановски мислам дека се имаме договорено за луѓе кои што не се избрани од Собранието и луѓе кои што не се присутни да не ги спомнуваме, а уште помалку што приватизацијата што вие ја спомнувате е многу пред да стане лидер лидерот на ЛДП, градоначалник на град Скопје. Но сепак, останува на пратениците да го почитуваат тој наш договор.

Повелете господине Голомеов, една минута имате контра реплика.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине потпретседателе,

Јас нема да се занимавам со работи кои нитy се кажани од моја страна, ниту се предмет денеска на дискусија, меѓутоа, морам да кажам на фактите кои ги изнесов и кои се реалност. Договорот од ФЕСАЛ аранжманот беше потпишан од Владата на Љубчо Ѓоргиевски. Обврските беа превземени, но ништо не се направи, за да се спроведат, или да се разреши состојбата на многу загубари кои беа на таа листа.

Кога спомнав нетранспарентни и криминални приватизации, мислев на случаите, како што се Бучим, Топилница “Велес”, кои се евидентни, кои се јавни, кои се јасни, кои беа приватизирани, меѓутоа наместо да се ревитализираат, тие беа и натаму деградирани, обезвреднети и мораше да се најде начин преку долги судски постапки и други инструменти на правната држава, за да се разреши состојбата и да се доведат во ситуација во која што се денес, за да почнат да егзистираат. Јас мислам дека уште во идната година, уште во првата половина на 2005 година, ќе се осети веднаш ефектот од нивното рестартирање.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

Следен за дискусија е господинот Замир Дика, а после тоа е господинот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван господин потпретседател, дами и господа пратеници,

Јас бев мотивиран да направам една синтеза за оваа значајна точка, меѓутоа оваа тмурна атмосфера овде во салата и околу тмурната политичка атмосфера, не ми дава право на тоа да напавам нешто, за да се врати надешта кај населението. Ова е мој најискрен впечаток и самите претходни дискусии покажаа колку ракавици, колку маски носат дискутантите. Тешко е во ваква ситуација да се најде начин како да се почне говорот. Јас ќе почнам со една ситуација која е реална меѓутоа ќе кажам една анегдота. Дојдоа неколку млади момчиња, некаде со полн ентузијазам и му рекоа на стариот мудрец дека ние сакаме да влеземе во власта, ние сакаме да ја земеме власта, многу блиску ни е да ја земеме власта и ќе ја земеме власта. Стариот мудред им кажал: многу добро што сакате тоа да го направите, да ја земете власта, меѓутоа, доколку не знаете што да правите со власта, што ќе ви е? Не е под секој услов да се биде во власта. Значи тешко е да се каже нешто ново за една стара власт. Јас се соочив со овој предизвик. Значи првиот пристап за подготовка на оваа дискусија беше читање по минатите говори, всушност јас што сум ги подготвил во времето на владеењето на господинот Црвенковски и господинто Костов. Токму читајќи ги овие говори направени во една временска истанца, за жал, оценив дека слободно можам да ги користам истите аргументи и говори и за оваа Влада и да не се разликува воопшто дека ги читам моите стари говори. Меѓутоа, одлучив ова да не го правам, затоа што за жал, единственото нешто кое што е изменето во ова меѓувреме е фактичката ситуација, влошувањето на секојдневието на малите животи, секојдневните проблеми и потешкотии со кои што се соочуваат мнозинството семејства во Република Македонија. Овде на овој терен сега веќе ситуацијата е исклучително тешка и сериозна, иако за парламентарното мнозинство ќе изгледа дека е надминлива и дека е лесна. Ќе беше доволно само моментот каде ќе се стиснеше само зеленото копче во Парламентот и после ова се ќе изгледаше решливо. Затоа и мојот пристап ќе биде токму анализа, кратка анализа, меѓутоа, сеопфатна, со цел  да не го спуштам нивото на сериозноста на ситуацијата. Стратешката грешка според мене на ова парламентарно мнозинство и на овие

влади, вклучувајќи ги тука и денешната Влада е логиката на супституција на процеси. Значи логика на заменување на вредностите. Зачетоците на оваа супституција или владеење по пораз според мене, извираат од супституирањето на Охридскиот договор, кој што договор сега веќе станува објект на заменување, на отуѓување меѓу двајца или тројца луѓе, меѓу олигархиите на две ипол политички парти на владеачкото мнозинство. Значи не влегувајќи во длабочина да се изразува понатаму, мотивите на овој пристап, ова парламентарно мнозинство, овие влади во продолжение, во континуитет, одлучија да го заменат Охридскиот договор, кој што прекина еден конфликт, кој се заканувaше и на самото постоење на оваа заедничка држава со индивидуален договор. Ова го направија во името на таканаречениот институционален пристап, било во Владата или во Парламентот и злоупотребувајќи го елементот на мнозинството. Како што изгледа сето ова го направија неразмислувајќи дека ниту во еден момент ова парламентарно мнозинство во власта и ваквото чувство дека доколку дејствуваат во рамките на контурите на лошите сценарија, овој механизам и овие институции, можат да станат и опасен инструмент, да се претворат во опасен инструмент што често се нарекува и државен апарат кој што има толкава сила ако се злоупотреби, така што ќе знае да ги угуши основните слободи на човекот, плуралистичките достигнувања, демократијата и се друго што се посветува на одењето напред и на просперитетот, нешто што е поврзано со етничката рамноправност во оваа држава. Јас за жал мислам дека ова гушење, сега веќе не има стегнато. Едноставно според мене не се искористи ниту еден историски момент, за да функционира во реалноста една мултиетничка држава, засновајќи се врз мултиетничкото реално општество. За жал, не функционираше концесуалната демократија заснована пред новиот Устав и во Рамковниот договор, каде се аргументите на ова оценување на супституционалните вредности. Еве еден аргумент ќе кажам, нема да навлегувам повеќе во анализа бидејќи има многу да се говори, колективното право на албанскиот народ да го употребува албанскиот јазик како службен јазик, кој што е гарантиран со Уставот, со закони и подзакони со разни процедури, се претвори во индивидуално право, во приватно право на малиот Албанец, за да го употребува својот мајчин јазик пред институциите. Фактите, Законот за патни исправи, другите закони од судските постапки, недонесувањето и по две години законот за употреба на албанскиот јазик во институциите на системот, ограничени со Охридскиот договор, актите на општина Тетово, двојазичните акти вратени во Владата како неуставни и тн.

Овој погрешен пристап почна да се одразува и врз имплементирањето на многу значајните проекти за развој на општеството, посебно на албанското. Еден еклатантен пример на калкулирањата за партиските придобивки со една краткорочна позадина беше основањето на еден нов универзитет во Тетово кој немаше предвид, ниту го имаше континуитетот на високото образование на албанците во последните десет години. Доказ за ова е штрајкот на студентите од нелегализирани факултети кои траат денеска и се дел од проблемот. Сите овие последици се одраз и рефлексија на еден закон за високо образование кој има мани на една финансиска рамка која не е дефинирана, објекти и опрема кои не се дефинирани и кои не постојат за стандизирана настава на албанците.

Тука се судривме со заменувањето на една вредност која албанците ја создадоа било на Универзитетот на Југоисточна Европа, било на Универзитетот во Тетово со проект кој не направи ништо друго освен што го усложни високото образование на албанците.

Друг случај на логиката на супституција и на заменување на вредноста со невредност е евидентен и во областа на трансформирањето или едноставно кажано третиот канал на МРТВ.

На крајот на 2002 година кога бевме ние на власт постигнавме да обезбедиме законска рамка за да се има телевизиски канал на албански јазик кој ќе биде јавен канал. Освен законската рамка постигнавме да обезбедиме опрема за да се покрие целата територија на Република Македонија со овој канал на телевизијата. Се вклучи професионална словенечка компанија за да менаџира, да управува со ова. Сведоци се сите тие што го виделе ова, го виделе студиото, опремата и енергијата која се даваше за да се тргнат албанците од информативниот мрак во кој биле десет години со ред. Денеска и по Охридскиот договор гледаме како свенуваат добрите вредности. Се соочуваме со еден кич во областа на информирањето и кој има тенденција да му даде крај на информативниот објективитет.

За жал, сето ова се случува употребувајќи и понатаму од парламентарното мнозинство елементот на обвинување на другите пред нас за да се скрие супституирањето на вредноста со невредност.

Истата судбина ја следи и албанската култура. Едноставно фамилијаризирањето на секој елемент на културата се дамките на оваа културна политика. Не сакам да навлегувам повеќе во оваа област, бидејќи доволно е да се даде аларм и узбуна за тенденцијата на акултурирање на албанците.

Земено општо и во другите области на животот зборот реформа со помпензост се најави од владите во континуитет, но ја има изгубено смислата. Овде ќе направам дигресија во мојот говор со мојот колега господинот Џелили, а мојот предговорник рече реформите се многу болни, меѓутоа, ние и по цена на намалување на партиските рејтинзи, ќе ги направиме. Јас не сум слушнал дека реформата е штетна било за партија, било за држава. Напротив, доколку вие реформите ги правите на консеквентен начин и квалитетен начин вие ќе добиете гласови, ќе ви порасне рејтингот и граѓаните ќе бидат посреќни. Колку што знам реформите се прават за да се живее подобро. Јас не можам да го разберам овој пристап на зборот реформа. Овој пристап можеби зборот реформа или реформата воопшто не е почната. Едноставно економската стагнација и вработеноста, изгубеното здравство, немотивираното образование, непостоењето на приватната иницијатива се резултат на еден квази реформирачки жаргон кој се промовирал до сега.

Да се вратиме сега на кандидатот за премиер. Тој требаше денес да даде одговор за сите овие реалности. Треба да понуди реална надеж дека сепак е останат потенцијал во ова парламентарно мнозинство за да се спаси тоа што може да се спаси. Сакам да бидам искрен, за жал, од старт се гледа неуспехот. Искрено не можам да замислам како можевте вие господине мандатар да се однесувате како се однесувате, не можам да дадам образложение на вашето однесување. Или сте далеку од реалноста или немате храброст да почнете и тргнете на патот кој води кон измени. На што ги заснивам овие аргументи. Нема никогаш да разберам како може да го одминете фактот дека во Владата и покрај се треба да бидат и оние министри кои беа обвинети јавно од страна на поранешниот премиер или други министри кои се под лупата на обвинителството кое е какво е или министри кои биле денунцирани односно обвинети од Антикорупциската комисија. Кажете ми еден единствен пример било во некоја африканска земја каде би се избрале за министри оние луѓе кои се под лупа на Јавното обвинителство или Антикорупциската комисија или обвинети од еден поранешен премиер. Едноставно не можам да го разберам вашето двоумење од самиот почеток.

Оние што се потенцијални функционери што ги злоупотребувале средствата вие да ги браните, па било да е виртуелно. Нема зборови кои би ве спасиле од обвинување за недостаток на храброст, можеби и повеќе од тоа.

Жалам што треба да ги користам овие зборови, но имајќи го предвид сето она што го слушнавме и сето она што реално се случува можеби и ова што го кажав е

малку. Зошто го велам ова? Дали знаете, а се надевам дека знаете дека на оваа планета Владата на Европската унија не беше изгласана затоа што еден италијански министер некогаш рекол лош збор за хомосексуалците. Само поради тоа Владата на Европската унија не беше изгласана, падна. Или Владата на соединувачот на двете Германии господинот Хелмут Кол за 100 илјади германски марки кои беа нејасни, нејасна беше нивната употреба за финансирање на политичката партија, поради тој факт падна Владата.

Јас не можам да сфатам ваков молк во однос на сето тоа што го кажав како продажбата на парцелите од страна на Министерството за финансии за смешни суми, па одбраната за украдени пари под мотото дека сум албанец или културни проекти направени без тендер, злоупотреби во текот на затворањето на малите продавници и нивната ароганција преку тоа може лесно да се премине. Вие треба да се замислите каква Влада составувате.

Несакајќи да се поставам во позиција на судија, туку едноставно на една морална, етичка, човечка, цивилизирачка, политичка димензија за мене вашето двоумење е нон сенс.

Од ова, почитуван кандидат за премиер, вашата понуда за подобрување на ситуацијата не нуди надеж.

Јас се извинувам дека можеби употребив малку етнички пристап во мојата анализа, меѓутоа, размислувањето околу замената на вредностите се мултиетнички. Истата работа, но можеби во поинаква форма се случува и со македонците, турците, ромите, србите, власите и други.

Сигурно дека сето ова ќе заврши само со една насмевка на новите членови на Владата пред фотоапаратите со убедување дека можеби ќе се заборави денешната дебата и животот ќе продолжи.

Меѓутоа, јас уште еднаш би сакал да укажам дека ситуацијата е повеќе од сериозна, а вие почитувани членови на Владата продолжете и натаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Дика.

Пред да дадам реплика имам деловничко право, сакам да предложам да се изгласа да работиме после 17,00 часот.

Имаме уште четворица да ја завршиме листата и затоа ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Го ставам предлогот да се работи после 17,00 часот до завршување на оваа листа која е овде пред мене, тоа се уште четворица дискутанти.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, сите 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Реплика има господинот Абдилаќим Адеми, три минути.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Сакам да реплицирам на претходниот говорник, неговата дискусија ја почна со анегдота дека стариот мудрец им рекол на младите момчиња зошто ви е власта кога не знаете да раководите и владеете со таа власт.

Јас не би продолжил со анегдота, туку ќе му кажам на господинот Дика дека ние сме на власт и ќе ја вршиме нашата задача во интерес на граѓаните и на ни еден начин нема да делуваме така како што делувале тие само во нивен партиски и групен интерес. Се знае многу добро како тие дејствувале во овие четири години. Ги наполнија џебовите и си отидоа. Сега се во опозиција.

Понатаму госопдине Дика, вие спомнавте околу високото образование основање нов универзитет во Тетово. Јас би рекол дека направивме легализација на Тетовскиот универзитет, бидејќи таму се зачува десетгодишниот континуитет и историјата на тој универзитет и Универзитетот се легализираше во објектот во кој постоел десет години.

Понатаму спомнавте дека тој закон бил половичен и го спомнувате штрајкот на студентите. Јас би ви порачал како пратеник и претставник на политичка партија што сте во опозиција да не манипулирате со чувствата на тие студенти. Министерството за образование и наука има сериозен пристап и е во тек на решавање на овој проблем. Зошто вие не се загриживте кога бевте на власт за прашањето на образованието на албанците, нема потреба да се грижите сега кога сте во опозиција.

Го спомнувате информирањето и велите дека ние усвоивме законска рамка за третиот канал. Јас би рекол дека вие направивте експеримент за третиот канал.

Бидејќи немам доволно време, за културата рековте дека е направено фамилијализирање на културните институции, јас би ве прашал кој од членовите на ДУИ имал братучед или му се братучеди браќата Фрашери или има братучед или брат Скендер Бег и тн.

Ние сме ангажирани засекогаш да ги одбележиме значајните датуми за историјата на албанскиот народ овде во Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Реков на почетокот дека немав мотив од ова владеење. Навистина е срамота сега да зборувате за корупцијата. По војната, по стотици илјади евра кои ги ставивте во вашите џебови што беше докажано од поранешниот премиер и наместо да ја денунцирате оваа корупција во вашата партија вие сеуште обвинувате некој што направил пред 20 години и тоа без никаков аргумент. Навистина е срамно.

Второ, министерот за обазование наводно го решавал проблемот на студентите на Тетовскиот универзитет и тоа како да ги пратиме студентите од Македонија да студираат во Приштина, Тирана, Англија, стравувајќи тие проблеми да се решаваат тука. Тука треба на тие студенти да им го најдете решението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господине мандатар и други кандидати за членови на министри во Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници,

На почетокот на моето обраќање денеска по повод експозето на мандатарот на Владата на Република Македонија господин проф.др. Владо Бучковски би почнал со фактографски податок.  Се работи за експозе на трет мандатар и денеска се бира четврт владин кабинет за период од 25 месеци од владеачката коалиција СДСМ, ДУИ и ЛДП.

Значи, после 15 септември 2002 година во делот на практикувањето на извршната власт владеачката коалиција е соочена со сериозни проблеми во докажувањето на постулатите кои беа фундамент на политичката платформа на парламентарните избори 2002 година и ова е обид да се поврати разнишаната

доверба на граѓаните на Република Македонија преку овој состав на владиниот кабинет и со новиот мандатар.

Ќе продолжам со констатација дека според начинот на кој беше составувана оваа влада моите извори се пишуваните електронски медиуми и методот кој беше применуван при изборот на министрите во оваа влада. Оваа Влада е влада на компромиси, а не влада на решенија.

Точно е дека со Рамковниот договор се поставени темелите на консенсуалната демократија, но во доменот на подготовката, во доменот на процесот на донесувањето на одлуките и тоа за одредени битни прашања за етничките заедници во Република Македонија. Меѓутоа, кога е во прашање Владата на Република Македонија, Владата има своја цел, Владата има своја организација, Владата има функција и Владата има контролни механизми и ја спроведува извршната власт во Република Македонија, тогаш таа треба да биде Влада на решение, а не Влада на компромиси и тука ќе биде најголемиот проблем за новиот мандатар во спроведувањето на владината политика последните 22 месеци до октомври месец 2006 година.

Според мене, почетокот на програмата на мандатарот на Владата се однесува на несуштествено прашање, прашање кое е целосно апсолвирано во македонското општество и за кое нема потреба да биде точка број 1 во Програмата на Владата, тоа е Рамковниот договор околу кого сите ние се согласивме уште 2001 година кога ги преточивме одредбите од Рамковниот договор во делови од Уставот на Република Македонија дека сите сме консенсуално за целосно и доследно спроведување на Рамковниот договор.

Рамковниот договор од тогаш наваму преточен во Уставот и донесени 18 законски проекти преку овој македонски парламент, остануваат уште два би рекол несигмификантни проекти за кои не се сомневам дека има исто така консенсуална поддршка, тоа е проектот за употребата на јазиците и употребата на знамињата, веќе е дел од македонската историја. За него воените и политичките историчари ќе говорат како чин во македонските општествени збиднувања од аспект на една историска дистанца од 3,4,5 и повеќе децении.

Меѓутоа, според мене, битно беше тука да биде донесена, односно поставена порака од мандатарот како после Рамковниот договор? Како, кога ќе се донесат последните два закони од Рамковниот договор, кога ќе заврши нивната имплементација како да се изгради демократско, македонско, граѓанско општество со рамноправен третман на сите граѓани на Република Македонија. Како да се

избегнат Сцилите и Харибдите на етничката поделба на Република Македонија и како, ние тука во Парламентот, да разговараме како макеоднски државјани, граѓани на Република Македонија, Македонци од Албанска етничка заедница, од Турска етничка заедница, од Бошњачка етничка заедница, од Ромска етничка заедница, од Српска етничка заедница од Влашка етничка заедница, сите државјани во Република Македонија кои заедно, рамноправно обезбедуваме одржлив развој на таква европска држава, а етничките заедници само го збогатуваат културниот амбиент во Република Македонија и ја претставуваат Република Македонија како вистинска мултикултурна, мултиетничка и мултиконфесионална заедница на, би рекол, равноправни граѓани. Тоа, според мене, треба да биде пораката и заложбите на овој нов состав на влада на Република Македонија, затоа што тоа е наша македонска влада на македонската држава, на македонските граѓани.

Неспорен факт во програмата на мандатарот е консензусот за членување на Република Македонија во НАТО алијансата и Европската унија. Тука сме единствени сите заедно и подршката на Владата е силна и ќе биде силна во сите делови на донесување на закони, проекти, одлуки што ќе значат имплементација на таа наша политика.

Но, кога при тоа за шенген визата говориме дека тоа е македонска дипломатија, мораме да кажеме дека тоа е само техничко прашање. Шенген визата не е дипломатија. Шенген визата е техника. Тука Владата треба да има предвид дека и со новиот буџет што сега се носи во Република Македонија, треба да бидеме свесни дека ние без нови пасоши и без нова контрола, со ласерско отчитување на патните исправи на граничните премини на Република Македонија не можеме да пледираме дека ќе ги укинеме шенген визите. Шенген визата, со воведувањето на новиот македонски пасош, со неговите заштитни елементи, со контролните елементи за отчитување на патните исправи на другите граѓани кои патуваат преку територијата на Република Македонија, со соодветна фитосанитарна и ветеринарна заштита на граничните премини и со соодветна организираност на граничната полиција, по автоматизам ќе се укинат шенген визите и македонските граѓани ќе патуваат ширум европските земји.

Значи, тука треба Владата да пристапи кон нешто друго. Треба да обезбеди финансиски ресурс. Дали тоа ќе биде донација, дали тоа ќе биде помош, дали тоа ќе биде кредит, но во секој случај тоа е прашање од витален интерес за македонските граѓани и тоа се решава со финансиски средства. Дипломатијата е

само помошно средство да ги убедат европјаните, европските земји, да го убедат Брисел дека ние навистина, иако малецка држава, не можеме да претставуваме опасност за Европската унија и дека нашите граѓани не треба да бидат тормозени и да биде нарушуван нивниот дигнитет и достоинство, чекајќи во долги редови пред амбасадите и претставништвата на странските земји тука, во Република Македонија.

Во делот на реформите, јас би сакал да кажам дека јас сум поборник на тоа дека не ги разбирам реформите како болен процес, туку сосема спротивно, како еден, би рекол нужен процес, меѓутоа, кој што може да го избегнеме доколку ја имаме во предвид крајната слика за кого ние ќе ги правиме тие реформи. Дека тие реформи ги правиме за македонските граѓани и дека тие се единствен мериторен судија дали тие реформи се  успешни, неуспешни, благопријатни, благородни или неблагородни за македонските граѓани.

Отука, во делот на реформите би почнал со правосудниот систем.

Правосудниот систем не може да биде реформиран ако веднаш не се каже дека без независен судски совет и без независен судски буџет не може да се има независно судство. И дека без соодветни законски проекти што ќе овозможат квалитетни судски одлуки, Закон за парнична постапка, Закон за извршна постапка, Закон за кривична постапка, Закон за трговски друштва, Закон за регистрација како и едношалтерски систем или уредби или правилници што ќе овозможат навистина донесување на квалитетни судски одлуки, а не омаловажување и дискриминација на македонскиот судски кадар, затоа што јас, кога ќе говорам за реформите, сакам да говорам за македонските капацитети како мериторни, дека верувам во она што претставува макеоднски капацитет како наука, како знаење, како умеење и дека ние така треба да им пријдеме на реформите. Не да ги негираме македонските луѓе, туку напротив не да примаме совети од страна како треба тоа или ова да се направи, да ги ислушаме сите внимателно и сепак на крајот да му дадеме доверба на макеоднскиот човек и сето тоа што тој го знае и го применува во животот во соодветни области од севкупниот општествен живот на Република Македонија.

Околу безбедносната ситуација, многу бегло, во програмата и во експозето на мандатарот е избегнато објаснувањето на перманентната појава на нелегитимни вооружени формации и банди кои што во периодот после завршувањето и потпишувањето на Рамковниот договор требаше едноставно да бидат наше минато. А, требаше да се обезбедат македонските безбедносни сили на целата територија на Република Македонија да имаат контрола и бранејќи го правниот ред и граѓански

поредок на Република Македонија да ги неутрализира сите закани по безбедноста и мирот на граѓаните.

Тоа не е направено, иако во најголем дел Рамковниот договор е имплементиран. Кажав, остануваат уште два несуштествени закони. Меѓутоа, безбедносната ситуација не е подобрена. Факт е дека во најголем дел во пределите на границата на Република Македонија кон Косово и Албанија се случуваат појави на нелегитимни вооружени формации и банди кои го тероризираат мирното македонско население од албанската етничка заедница. Тоа не е кажано тука како ќе се спречи, како ќе се елиминира, како ќе се надмине, со кои методи, со кои средства, со кои механизми?

Вистината не се докажува. Таа излегува на виделина кога за работите ќе проговориме со општ универзален јазик. Тој универзален јазик по ова прашање за безбедносната состојба во Република Македонија сеуште не сме го нашле, а за тоа говори состојбата во Кондово што денеска претставува веќе дел од Скопје, дел од Градот општина Скопје.

Во делот на борбата против организираниот криминал и корупцијата, исто така можам да кажам дека мое видување, но она што е изнесено во Програмата на мандатарот е дека тоа треба да биде борба што ќе биде долготрајна, систематска и тајна. Повторно, со верба во македонските политички, организациски и функционални капацитети и институционални капацитети, затоа што не можеме ние Македонија да ја претставуваме како црна хронична земја, како земја од типот на, би рекол, најцрните стрипови од колумбиските кокаински картели, туку како земја која што навистина може во многу нешта да покаже, дури и на Европа во делот на транзицијата како нашите луѓе кои работат во тие структури за одржување на граѓанскиот поредок успеваат да се справат со патиштата на дрогата кои врват низ Република Македонија, со патиштата на проституцијата, со валканиот капитал кој минув аниз Македонија и слично. Едноставно ние не можеме борбата против криминалот и корупцијата да ја водиме неселективно и неорганизирано или спрема одредена политичка апртија или спрема одредени луѓе и да ја водиме со страв, и да ја водиме со страв од реваншизам затоа што ако се смени после политичката номенклатура тешко му на тој кој ќе се дрзне да говори јавно, кој ќе се дрзне да говори храбро и ќе ги каже вака отворено работите. Ако тоа не престане не може да има демократија. Пак ќе кажам, демократијата е процедура. А тука се крши процедура со ваков неселективен и дискриминаторски начин на борба против организираниот криминал и корупцијата.

Во делот на економијата, што мислам дека претставуа една најсуштествена задача на мандатарот на Владата и на сите министри на новата македонска Влада, би рекол дека има наведено многубројни стратегии и тактики, многубројни реформски зафати за реорганизација на челичната индустрија, зајакнување на институциите во инфраструктурата, зајакнување и преструктуирање на текстилната индустрија, меѓутоа нема агенда. Нема рокови, нема фази. Тоа е клучното што недостасува во оваа Програма. Наброени се, нафрлени се кои ќе бидат темите, кои ќе бидат задачите, но не се кажува ништо кога и како тоа ќе се реализира.

На каков начин Владата ќе се справи со реформите во економскиот сектор? Македонскиот народ има една добра поговорка - Колку што ти е чергата толку ќе си ги пружиш нозете.

Бруто општествениот производ на Република Македонија не е растеглива категорија. Тоа е егзактна категорија. Изнесува приближно 4 милијарди евра. Тоа претставува сето акумулирано македонско материјално богатство, плус или минус новосоздадената вредност во едногодишен период или загубата во едногодишен период. Тој е толку. И отука, во оваа Програма мора да бидат потенцирани кои средства и од какви извори ќе овозможат реализација на овие програмски аспекти. Дали ќе се работи за какви видови на средства, домашни или странски, од каков карактер се тие средства, дали се работи за средства од фискална контрибуција, дали се работи за средства добиени преку инструменти на кредитно монетарната политика или се работи за употреба на штедењето во нов инвестиционен циклус? За тоа ништо не се говори. Мислам дека без една таква строго прецизна агенда во која што ќе се наведат сите овие средства, Владата во старт ќе се соочи со многубројни заостанувања во реализацијата на така навестените програмски цели.

И повторно доаѓаме до она клучно прашање, доаѓаме до идеологиите. Владеачката коалиција промовира социјал-демократска идеологија. Социјал-демократската идеологија е позната ширум Европа за какви цели и принципи се залага, а ние тука во последните две години слушавме многу за “лест фер”, за пазарните законитости, за отсуството на државата дека се ќе се среди по пат на пазарниот механизам.

За неколку дена имаме закажано седница за Буџетот на Република Македонија. Тој буџет воопшто не е реформски. Тој Буџет не може да даде подршка на овие програмски аспекти. Тој Буџет, вака како што е предвиден, со таков буџетски дефицит за 2005 година, низок буџетски дефицит, со таква рестриктивна кредитно-

монетарна политика, со таков преценет курс на денарот кој што повторно ќе го доведе македонскиот трговски биланс во негатива од близу милијарда долари и проблеми со тековната сметка на билансот на плаќањата, не може да обезбеди реализација на сето она што претставува програмско ветување на Владата. Има многу ветувања, меѓутоа со овој Буџет што претставува лимит за јавната потрошувачка и во најголем дел претставува ресурс со кој што Владата распоалга, не може да се обезбеди реализација на овие програмски зафати. И, ќе се доведе во еден временски расчекор, ќе се доведе до многубројни проблеми и тука целокупниот владин кабинет ќе се соочи, а и ние тука во Парламентот, во оној дел кога ќе треба да ги правиме измените на законите, да констатираме дека таа законска рамка е добра, дека измените и дополнувањата се добри, меѓутоа недостасуваат финансиски ресурси.

Како што тоа впрочем беше и со делот на децентрализацијата, каде што навистина ние спроведовме еден, имплементиравме еден дел од Рамковниот договор, меѓутоа тргнавме многу наопачки. Тргнавме од територијалната организација за после разбереме дека во делот на она што претставува пренесување на надлежности од централно ниво на локално ниво ќе ни недостасуваат најмалку три милијарди денари и во старт новите градоначалници кои ќе ги избереме на почетокот на 2005 година ќе бидат соочени со квалитетот на јавниот сервис што ќе им го пружаат на граѓаните, тогаш незадоволството на граѓаните ќе ескалира, а проблемите, се разбира, во најголем дел ќе бидат насочени кон извршната власт, а делумно и кон законодавната власт. Тоа, според мене ќе биде наша реалност во 2005 година. Од тоа ние не можеме да избегаме. Со толку скудни финансиски средства што беа предвидени за децентрализацијата, без да се дефинира нов закон за данок на имот, без да имаме во предвид дека катастарот и евиденцијата на сите земјоделски, градежни површини, недвижности е на едно такво ниво да не може да обезбеди квалитетна алиментација на основниот приход на општинско ниво, ние не можеме да градиме конзистентна владина политика во делот на спроведувањето на децентрализацијата, како битен процес, како битна подготовка за членство на Република Македонија во ЕУ односно после Спогодбата за стабилизација и асоцијација веќе првиот исчекор за кандидирање во членството за земја членка-кандидат за Европската унија. Тоа ќе ни биде еден од главните камења на спрепнување на чекорење кон Европа.

Значи, во тој дел, структурата на капиталите во Република Македонија е многу јасно одредена. Дури многу подобро, еве една комперација, отколку структурата на

капиталите во една Словенија која е членка на ЕУ, една Хрватска која што не претрка во трката кон Европа и една Бугарија која што на 1 мај 2007 година ќе стане члена на Европската унија.

Кај нас, процесот на приватизација е речиси завршен, на општествениот капитал. Агенцијата, како што ви е познато, со Законот ќе ја укинеме, кадрите ќе ги дисперзираме во разни сектори на владините институционани можности, меѓутоа ние не направивме ништо, односно не обезбедивме навистина вистинско структурно реформирање затоа што многу се зборува за тие структурни реформи. Што во основа е структурната реформа? Структурната реформа во основа е промена на сопственоста. А сопственоста е манифестација на продукциониот однос. Во социјализмот основна манифестација беше општествената и државна, во капитализмот тоа е приватната сопственост. Ние имаме приватна сопственост, а државата како, би рекол покритие на сите тие активности на капиталите, државни, општествени, приватни отсуствува од тој процес на економските одлуки. Државата не отсуствува во една Голема Британија каде што е незамисливо работниците во големите докерски претпријатија или незамисливо на работниците на големите железнички претпријатија, и незамисливо работниците во големите авиопретпријатија да бидат вон контролата на државата и целокупните процеси и кружења на капиталот во тие сфери.

Едноставно, ние овој концепт за кој што се залага и новиот мандатар на Владата, при таков сооднос, при таков, би рекол, при такви зададени задачи, значи со таква кредитно-монетарна политика со таков преценет курс на денарот, со таква инфлација, со таков буџет сигурно не може да ги оствари предвидените економски цели.

На Макеоднија  и е потребно развојна политика. Преговорите меѓу Меѓународниот монетарен фонд и Македонија, Владата на Република Македонија, сега неодамна завршени пред неколку месеци, завршија така што ние се определивме за структурни реформи а не за развој.

Ако структурните реформи значат беда и сиромаштија за граѓаните на Република Македонија, ако тие значат нови отпуштања на вработените во јавниот сектор или засегање на нови отпуштања во јавни претпријатија, во водните стопанства, во шумските стопанства, железницата, ако структурните реформи значат зголемување на товарот на Заводот за вработување, намалување на стапката за пензиска основица што и сега е ниска при просечна плата во Република Македонија некаде од 11 иљјади денари, тогаш ние не можеме да говориме дека ние

ќе се справиме со двете рак рани на македонската економија, тоа е бедата и сиромаштијата што опфатила над 30% на македонското населние и невработеноста која што е енормна во Европа, над 400 иљади невработени. Едноставно тоа , со ваков концепт, значи се раоти за концепт, тој концепт нуди решенија, тој концепт во овој случај не може да ги реши трите оснвони проблеми на македонската економија. Тоа се невработеноста, бедата и сиромаштијата, тоа е децентрализацијата.

На Македонија и е потребен реален курс на денарот, на Македонија и е потребна борба против инфлацијата, на Македонија и е потребен динамичен модел на реформирање во од. Но, пред се, развој. А, за тоа, бидјеки нашите ресурси се скудни, мора да се вклучи државата.

Во сите оние домени на програмски ветувања во делот на вработувањата, јавните инвестиции, во делот на рестартирањето на индустриските капацитети во Република Македонија, можам само да кажам дека голем дел е испуштено или се применува само со констатации.

Според мое длабоко убедување решение за сите овие проблеми е почитување на одредбите од Законот за инвестициони фондови во Република Македонија и формирање на еден голем инвестиционен фонд. Инвестиционен фонд за кој што имаме капацитет, имаме институција, сегашната Агенција за приватизација, која е со огромна база на податоци, со извонредно обучен кадар, со големо портфолио од над 200 иљади малцински акционери, со огромен државен капитал, од над пет милијарди евра, водните ресурси, енергетските ресурски, шумските ресурси, инвестиционен фонд кој ќе заздравува во претпријатијата, кој ќе ги обединува малцинските пакети, ќе ги нуди на продажба на берзата, ќе ја менува управувачката структура во оние претпријатија кои што сега искажуваат загуби, ќе ги продава и тие искажувајќи добивки на нови сопственици, нови акционери ќе вработува нови луѓе во тие капацитети што ќе бидат рестартирани, а во оние капацитети за кои што државата ќе води соодветна грижа ( во делот на занаетчиството, малото стопанство, делот на земјоделството, фармерството, природните шумски капацитети, локалните јавни претпријатија кои треба да бидат носители на локалниот јавен сервис) тоа ќе биде можно за апсорпција на одреден број пред се млада популација, затоа што ние живееме заради поколенијата и таа млада популација ќе биде носител на идниот растеж, општествен, демократски, граѓански на Република Македонија.

Значи, без една ваква институција во услови кога буџетот е таков каков што е, знаеме колкав ни е бруто општествениот производ, знаеме кои се можностите на она

што претставува ресурски во Република Македонија, штедење, девизни резерви, знаење колку е надворешниот долг на Република Македонија, ги знаеме сите макро економски показатели не може да настапи благотворен период за македонските граѓани. Одтука уште еднаш ќе потенцирам пораките и ветувањата на мандатарот на Владата дека е можна преродба на македонското општество ја не можам да разберам. Можам само да разберам дека оној концепт што се нуди е концепт кој што не овозможува богат и вработен народ. Концепт кој не ја елиминира сиромаштијата и невработеноста, концепт кој што нема да овозможи децентрализација, концепт кој нема да овозможи пристојна живеачка и мирен живот на македонските граѓани. Отука сметам дека  за ваков концепт јас не можам да се определам и ќе гласам против предлогот на новата Влада на мандаторот, г-динот Владо Бучковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ѓорчев.

Г-дине Матоши барате реплика?

(не )

Па, пријавени сте.

Избришете го г-динот Матоши.

Г-дине Џевдет Насуфи барате ли реплика?

(да)

Повелете, три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

На почетокот имам една мала реплика, а потоа имам и една интервенција.

На пример министрите кои овој Парламент треба да ги избере денес не се во салата присутни сите. Мислам дека тоа е нон сенс и прв знак на нивната неодговорност во однос на она што ние денес дискутираме овде.

Второ, можеби намерно или не, не ретко г-динот Ѓорчев, но и други македонски дискутанти многу често ја користат паролата Македонската Република, Македонската армија, Македонската телевизија, Македонското радио, нешто асоцира на тоа дека имаме моноетнизам на институциите, според Уставот кој што сме го усвоиле тука сите заедно многу добро знаете дека ова прашање е утврдено односно дека Република Македонија е држава на етничките заедници и на граѓаните кои се дел на тие етнички заедници. Мислам дека треба да имаме разбирање за оваа забелешка, затоа што на тој начин заеднички ќе ја вградиме нашата добра волја за еден меѓуетнички соживот.

Трета работа, забелешка се однесува на нешто друго.

Многу често во неможност да ги решиме ние прашањата тука внатре понекогаш го спомнуваме во конфузиозна конотација било Косово, било Албанија. Мислам дека ова не е добра порака во однос на градењето на добро сосетските односи кое што официјално е прокламирано, меѓутоа за жал во одредени случаи , но и на вакви собири, како што е  Собранието го користиме со негативна конотација.

Ова се моите забелешки.

Благодарам г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Насуфи.

Во врската со вашата процедурална забелешка можам да заклучам дека вие ќе гласате за Владата бидејќи ги нарековте министрите. Тие се сега само кандидати за министри.

Повелете г-дине Ѓорчев, имате една минута контра реплика.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас во моето обраќање во Македонскиот Парламент денеска говорев за државата Република Македонија. Сите институции се на државата Република Македонија , сите граѓани се државјани на Република Македонија, се разбира од различни етнички заедници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, а потоа нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитуван мандатар, почитувани кандидати за министри, почитуваин колеги,

Сите знаеме дека после парламентарните избори се оформи Владата на коалицијата од победничките партии на тие избори. Тенденциите на формирање нова коалиција или нова влада беа од разни природи, но пред се би го нагласил ангажирањето, внатрешното ангажирање во однос на реализирање на обврските од Рамковниот договор, развојот на утврдените реформи со цел да се оформи утврдена економска стабилност и серија други реформи од социјален, културен итн. карактер.

Од друга страна надворешни ангажмани кои концентрираат на тенденцијата да се интегрираме во НАТО и во ЕУ.

Покрај другите основни обврски по формирањето на Владата односно основите беа создавањето на една безбедност на сите граѓани, безбедност која по настаните 2001 година не беше на ниво на нормала. И природно, така како што се очекуваше за постигнување на одредена стабилност едноставон требаше да се создадат услови кои што ќе ја зголемеја довербата меѓу граѓаните не само од разни ентитети, туку и од разните конвесии.

Во оваа насока бес сомнение дека меѓуетничките проблеми во Република Македонија се сметаат како проблеми ако не најзначајни, сигурно меѓу најзначајните со кои што се соочуваат граѓаните на Република Македонија. Овој проблем без сомнение дека е еден од најсогласените синтагми во реториката. За жал меѓуетничките односи во кажаните реторики се користат како инструмент за манипулирање со граѓаните и кој што без сомнени влијае негативно на развојот на овие релации. Во оваа насока и напротив на реакциите на ваквите односи јас ценам дека Владата треба да направи се што е можно за да се елиминираат стравот и чувството на закаснување на едниот етникум кон другите етникуми, чувство кое што во значителна мерка над се, се манифестира врз македонците и албанците и од друга страна да се создаде можност за запознавање на другите етности и другата култура и со тоа да се создаде можност за подобро запознавање на културните вредности.

Во оваа прилика како позитивен чекор во насока на запознавање и културен развој би нагласил за манифестирањето, одбележувањето 95 години во Битола, манифестација која што се направи преку институциите и со државно финансирање. Со цел да се реализираат уставните обврски кои се предвидени преку уставните измени се изменија и дополнија неколку законски акти. Покрај тоа со овие измени не е направено само нивно усогласување со уставните измени, туку и со директивите од ЕУ поради тенденцијата да се стане дел од државите на оваа Унија.

Преку овие измени јас сум длабоко уверен дека во текот на нивното реализирање во практиката ќе се реализираат и многу други цели. Во оваа насока мислам дека преку овие измени, на пр. законите со кои се регулира областа на образованието, основното, средното и високото образование не само што ќе се влијае врз реализирањето на правото на употреба на јазиците на припадниците на разните етникуми во наставниот процес, туку ќе се влијае и врз департизацијата на

образованието и тоа не само од аспект на кадровскиот избор, туку и од аспект на избор на литература.

Пристапот според кој јазиците на кои се одвива наставата во сите нивоа на образованието не треба да биде спречувачки фактор за реформите во образованието. Сигурно дека ќе влијаат врз порастот на зголемувањето на квалитетот, за што ценам дека ќе предизвика и рамноправност во квалитетот меѓу сите етникуми.

Во оваа насока во иднина треба да се направи обид да се обезбеди можноста учениците од сите етнички групи да го запознаат јазикот на другите со единствена цел вака да се запознаат, а сето ова да биде фактор за развој на интегрирачките процеси.

Децентрализација беше обврска која што на директен начин извираше од Рамковниот договор, меѓутоа и доколку не беше оваа обврска задолжителна ќе треба да се развие еден таков процес, затоа што досегашното искуство на територијалната поделба во Република Македонија покажува слабости кои што се манифестираат поради големиот број н аопштини кои што во однос на соживотниот процес со граѓаните на Република Македонија овој број се покажа како неадекватен, нерационален, нефункционален во обидот на реализирањето на правата на граѓаните за еден подобар општествен и социоекономски живот.

Од друга страна имајќи го предвид оценувањето на децентрализаторската власт, власт која што не постои никаде во светот, дури таков пример не постоел и во системот во петвековниот систем на монизмот што покажува дека задолжително требаше да се направи ново структуирање,  нова поделба која што се направи во служба на граѓаните.

Кога на сето ова се додаде и фактот со Законот за локална самоуправа кој пренесе една серија надлежности на локално ниво, другите разни области, како економско планирање, менаџирање, финансирање на основно и средно образование, менаџирањето со многу објекти, со многу прашања од социјално економска област итн. е нормално да се направи и територијална организација во согласност со овие надлежности. Преку усвоените закони во оваа област се реализираше и една значајна обврска во процесот на реализирање на Рамковинот договор. Реализирањето е уставна норма за правично и целосно застапување. Тоа е процес кој што е во реализирање.

Ние сме свесин дека реализирањето на овој процес во услови кога државната администрација е преоптоварена тоа е отежнато, меѓутоа имајќи ги во предвид

законските и уставните измени кои се усвоени во областа на работните односи, како што е Законот за државни службеници, Законот за работни односи и многу други закони, а од друга страна тенденцијата овој процес чекор по чекор да се реализира. Јас очекувам во оваа насока да има континуитет и оваа Влада.

Една од темите која што најмногу се користи во политичката реторика е прашањето на симболите, како државните така и етничките. Факт е дека ова прашање е доста популаризирано во полтичкиот маркетинг, меѓутоа за жал се злоупотребува и секогаш се претвора во извор за зголемување на меѓуетничките тензии. Главанта причина зошто ова прашање е толку популаризирано според мене е тоа што ова прашање долго време беше оставено отворено и без соодветна правна регулатива. Сега е товар на оваа Влада односно прашање за оваа Влада која во иднина треба да донесе закон, нацрт на закон со кој ќе се затвори ова прашање.

На крај, ова прашање не само што претставува обврска од Рамковниот договор, туку исто така би ги елиминирале сите злоупотреби кои што би можеле да произлезат од постоењето на една таква законска празнина.

Исто така значаен закон е за употреба на јазиците со што не само што би се имплементирале уставните норми околу употребата на јазиците, туку преку имплементацијата, практичната имплементација на еден таков закон ќе претставува реализација на правото што претставувало сон на многу генерации.

Главната цел и императив на Република Македонија во процесот на глобализирањето треба да биде нејзиното интегрирање во ЕУ и НАТО. Добивањето и стекнувањето на статусот на полноправна членка подразбира исполнување на неколку стандарди предвидени од страна на Унијата . Тие стандарди се поврзани како со економските услови така и со политичките. Овие услови подразбираат стабилност на демократските институции, почитување на етничките вредности, развој на пазарната економија во насока на нејзино оспособување за да се соочи со конкуренцијата која постои во рамките на ЕУ итн.

Реализирањето на овие цели не може да се постигне без спроведување на реформите и создавањето на услови и стандарди во правниот систем.

Активностите кои треба да се преземат во насока на реализирање на овие реформи не се однесуваат само на приближување на легислативата со легислативата на Унијата, туку и нејзина целосна хармонизација.

Како што сме информирани овие реформи се отпочнати со самиот факт дека во ова Собрание се усвоени неколку нацрт на закони. Јас сум длабоко уверен дека

во оваа насока ќе се продолжи се до целосната реализација на реформите во правниот систем, вклучително тука и на судството како дел на овој систем. Така преку овие реформи ќе се овозможи да се реализираат неколку принципи, како што е владеење на правото, одвојување на судската власт од законодавната и извршната, независно судство, заштита на правата на граѓаните итн.

Реформите на правниот систем, создавањето на услови за целосна политичка стабилност не само во земјата, туку и во регионот е создавањето на услови за развој на принципите на развојната економија, развојот на финансиската трговија, финансискиот пазар, развојот на слободната конкуренција и продолжувањето на склучување на договори за слободна трговија со различни држави, продолжувањето на создавање на услови за нормализирање на макро-економската политика ќе влијае врз зголемувањето на директните странски инвестиции.

Во услови кога во Република Македонија внатрешните заштеди се многу мали, како резултат на што недостига капитал и не може да се инвестира во насока на зголемување на тие капацитети добро е да се ангажирате сите во насока на стимулирање и во насока на привлекување на странски - инвестиции. Преку овие инвестиции ќе успееме да го исполниме и економскиот услов за интегрирање во ЕУ иако во историјата на постоењето на оваа Унија некои од нејзините членки во текот на процесот на нивното зачленување ни одблиску го немаат достигнато потребното ниво на економски развој, меѓутоа и покрај тоа биле примени поради некои други стратешки политички причини, како што беше случај со Грција, Шпанија и Португалија.

Во оваа насока на крај би истакнал нешто што го има кажано Леон Британ, според кого земјите од централна Европа и источна Европа не можат и натаму да се третираат како сиромашни земји и да бидат задоволни само со едно заедничко минато со европските држави, туку треба целосно да бидат интегрирани во семејството на европските држави.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски, имате реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Навистина кога излезе претставник на политичката партија ДУИ по однос на изборот на Влада, очекував да каже нешто од она што најмногу во јавноста се

зборуваше и она што коалициониот партнер ДУИ, при Владата на Република Македонија, во овие денови имаа можност граѓаните на Република Македонија да се занимаваат со тоа колку ДУИ учествува и како учествува, мислев дека колегата ќе кажеше нешто повеќе зошто две недели се натегаа со мандаторот дали Буџаку ќе го биде или не и мислев ќе се осврне нешто и на економијата, во своето излагање, за тоа што апсолутно ништо не сллушнав за економијата и за се она што значи економски развој, што од експозето на мандаторот имавме прилика да го слушнеме. Се што слушнавме е рамковен договор, права на заедниците во образование, во културата, културни манифестации итн. Мислев дека во делот на културните манифестации, кога веќе стана збор и за таа работа од страна на колегата, мислев дека ќе спомне и за оние споменици кои имавме прилика да ги гледаме во западниот дел на Република Македонија, со одредени фашистички белези. Мислев дека ќе спомне и за празникот - Скопје слави, празникот на албанското знаме. Барем да го пофалеше овде министерот за култура дека, еве човекот имаше доблест, издвои државни средства да се слави знаме на туѓа држава под името - Скопје Слави. Мислев дека претставникот на ДУИ ќе каже дека конечно економијата, економскиот разовј и се она што значи подобро живеење, намалување на сиромаштијата итн., е во рацете на ДУИ преку ресорот економија, транспорт и врски, земјоделство и водостопансво, итн. Мислев дека ќе каже нешто и во тој правец. Значи, ако се разимираме, сега гледам дека оставката на г-динот Костов била во ред, и сега гледам дека од она што господинот Костов го сугерирал до коалициониот партнер кој така го нарекува, кој има многу корумпирани елементи во своето владеење, ништо не слушнавме. Значи праксата и понатаму продолжува. Барем две реченици да кажеше во делот на сите оние обвинувања за корупција што имавме прилика да ги слушнеме.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Караџоски.

Повелете господине Јашари, имате една минута реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседателе.

На господинот ќе му одговорам со следново.

Господине колега Караџоски самиот господин Буџаку го даде одговорот токму затоа што вие не го поставивте и мислам дека тоа е јасно пред целата јавност, пред домашната јавност, меѓутоа и пред меѓународната јавност изјави за што дава

оставка и не сака значи преку имунитетот да се спаси за да се средат сите факти што во последно време се насочени кон него. Меѓутоа, добро е вие да говорите за Даравелски, за Михајловски, Пауновски итн.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, кандидати за министри, кандидат за премиер, почитувани дами и господа.

Со особено внимание го следев говорот на мандаторот и програмата, целите и инструментите за остварување на тие цели и мерките што во еден таков говор би требало да бидат презентирани, што ни беа претставени од мандаторот на Владата.

Она што е забележливо е дека мандаторот во денешниот негов говор и излагање се потруди да ги спомне сите сектори за сите сектори да ни вети нешто подобро, ќе има реформи, ќе има промени, ќе има подобри времиња. Тоа го кажа и за екологијата и за финансиите, и за здравството и за образованието и за сите останати сектори, да не ги редам по ред. Внимателно ни опиша дека сите сектори ќе просперираат велејќи дури дека сите досегашни влади биле неуспешни, ама дошло време да ја препородиме Република Македонија. Исто така, слушнавме како ни ја опиша и личната способност, по негово мислење, на кандидатите за министри, наведувајќи дека дел од нив, по име и по презиме пофалувајќи ги нивните вредности и предности, а дел од нив беа пофалени во групата на останати. Јас не се воопшто сомневам дека мандатарот има добро мислење за своите кандидати за министри, а и да нема веројатно ќе каже, бидејќи нема логика да ги предлага за министри во својот состав на Владата, ако има лошо мислење за нив. Дури и ако поранешниот министер за транспорт сама не се откажеше од својата кандидатура, најверојатно и него мандатарот, во најмала рака ќе го внесеше во групата на останати министри кои се одлични и така натаму. Накратко кажано, сума сумарум, од она што може да се извлече за составот на Владата и за програмата што ни ја презентираше нашиот мандатар денес може во една реченица да се смести, сите сме супер, се ќе биде во ред. Тоа е, вака, една глобална слика и една извлечена реченица што може да се извлече како дух на говорот.

Она што можевме и што можеме да го видиме во ова денес презентирана програма, беше едно паушално ветување кое не е поткрепено со ниту еден

конкретен аргумент, со ниту една бројка, со ниту една конкретна реформа што ќе ни биде објаснета, динамика на спроведување на таа реформа, индуструменти на спроведување, очекување резултати во одредени рокови и слични детали. Јас лично познавам многу луѓе што знаат што треба да се подобри. Точно знаат што треба да се подобри. Познавам уште повеќе што знаат дека се треба да се подобри. Меѓутоа, познавам малку мина кои можат да објаснат како тоа ќе го направат и притоа да понудат аргументи со кои ќе ја убедат јавноста и најмалку пратениците тука, дека се на вистинскиот пат. Не ја слушнавме дури ни целта до која треба да се стигне, до каде ќе се стигне во економијата, да речеме после две години или после една година, економскиот раст, колку се предвидува да биде, до каде ќе се стигне до него, невработеноста коку ќе опадне, во наредните шест месеци, година, две, барем колку што е мандатот на оваа политичка гарнитура, регуларниот мандат. Понатаму, процентот на сиромаштијата, дали се очекува да опадне, колку, со преземените мерки, кои мерки, што ново мандаторот и новата Влада им нудат на земјоделците, да кажеме, што се новите мерки, тоа што досега не било а што ќе го понудат да се подобри состојбата на земјоделците, да имаат подобри можности, подобри услови. Понатаму, извозот, за колку ќе порасне, каква ќе биде политиката на Владата и на централната банка кон курсот на денарот, да кажеме, особено што во новиот состав има министри, членови на Владата кои се со дијаметрално спротивно гледиште по прашањето на курсот на денарот, дали треба да остане фиксен, или треба да има девалвација, или флексибилен курс, или во маргини и нешто слично. Значи еден, би рекол, по малку опш говор во кој нема речиси ништо конкретно. На пример да слушнеме барем што да очкуваме како крајна цел. На пример не мора да ни ги образложи сите детали и чекори до каде ќе дојде, доколку тоа не го саска, меѓутоа да ни каже дека за една година тоа и тоа може да се очекува, за две години, тоа и тоа, и на некој начин барем да имаше некои поконкретни очекувања. На пример, се сеќавам, поранешниот премиер Хари Костов, при неговото инагурирање кажа барем што нема да дозволува. Кажас дека нема да дозволува, незнам, на млекарите да им помага со субвенции од државата, да не му доаѓаат фабриките кои имаат проблеми, пред вратата на Владата, бидејќи нема намера да им помага итн. итн. Значи пак имаше некои елементи по кои можеше да се градат некои очекувања.

Како позитивен го прифаќам фактот што мандаторот препознава дека денес илјадници семејства во Македонија имаат толку ниски приходи што бедата секојдневно се надвива над нив, како темна сенка. Тоа се зборовите што ги слушнавме. Дека денес, нашите луѓе мака мачат за да обезбедат елементарна

егзистенција. Но, не добивме објаснување, почитувани пратеници која е формулата, која е програмата, кои мерки ќе се преземат за да се направи животот на овие граѓани подостоинствен. Тоа денес ни приближно немавме прилика да го слушнеме.

Позитивно е, исто така, што мандаторот вети дека до крајот на неговиот мандат ќе се укинат шенген визите за студенти, за туристи, и за бизнисмени. Исто така препознава дека е време за нов почеток, за нови идеи, зза нови визи. Тука навистина му честитам што конечно констатира дека досегашните идеи и визии за кои до вчера не веруваа дека се вистинскиот пат, увдел дека се лоши и дека требаат нови. Тука нависитна му честитам за таа констатација. Тоа е веќе напредок, иако не ги слушнавме новите идеи, новите визии, различни од старите, со новиот почеток, сепак е напредок, кога ќе констатирате дека се потребни нови визии, нови идеи, при водењето на државата и се надеваме дека во наредниот период ќе го слушнеме, ако денес ги нема. Според тоа, почитувани пратеници, слушнавме едно излагање врз бана на кое треба да дадеме мислење за новит состав на предложената Влада и за гласаме за или против, излагање во кое не препознавам програма, има само добри намери, како писмо за намери. Тоа писмо воопшто не е обврзувачко, особено ако во него нема детали и бројки.

Се надевам забележавте дека во сите 11 - 12 страни, излагање кое им беше поделено, нема ниту една бројка, ниту еден процент, ниту една проекција. Нема проекција за економскиот раст во наредниот период. Не проекција за економските параметри, воопшто или конкретни економски политики. Нема практична проекција за ништо поконкретно. Поучен веројатно од неговиот преходник кој ни кажуваше дека ќе се вработат по еден од секое семејство, дека за оваа година ќе имаме над 200 милиони долари повеќе од планираните странски директни инвестиции. Поучен од него, од тие грешк, или пак немајќи можеби во овој момент проекција или доверба во таа проекција, не слушнавме апсолутно ништо, ниту колку нови работни места ќе се отворат во наредната година или во нардните две години, колку ќе се намали трговскиот дефицит, ако воопшто се оди на негово намалување, колку ќе порасне индустриското производство итн. Не слушнавме со кои мерки ќе се интервенира за да се зголеми конкурентната способност на македонските компании, еден од клучните проблеми на македонската економија, дали ќе се привлечат и како ќе се привлечат, ако се привлекуваат странски банки со кои ќе се зголеми асортиманот и конкуренцијата на банкарските услуги. Дали ќе се намали цената на импутот за да се зголеми конкурентноста на македонските компании, на пример, цената на струајта,

на други енергии итн. Дали ќе се направат одредени реформи и кои, за да се овозможи на пример намалување на даноци, на пример намалување на данокот на добвки, намалување, на персоналниот данок на доход, еве сега се најавува дека ќе има една нова стафка, а тоа на некој начин има и едно зголемување, или ДДВ кое минатата година се зголеми. Како ќе им се помогне на менаџерите на македонските компании, дали има некаква програма и визија за таква помош. Давање на некоја помош е нормално во земји во транзиција. Дали и како фирмите ќе може да дојдат до поефитини и поповолни кредити за да набават нова технологија со што ќе станат поконкурентни на македонскиот пазар и со што ќе се зголеми извозот, ќе се зголеми бројот на рботни места, ќе се зголеми производството итн., значи, за овие работи навистина не слушнавме ама апсолутно ништо поконкретно, барем дел да имаше да речеме нешто се кажа нешто не е споменато, па ќе го очекуваме во идниот период. Не слушнавме ни визија за тоа како ќе се подобри состојбата во здравствениот сектор, кои мерки, барем некоку од нив, ќе се преземат за да се направи редовна набавка на лекови и на медицински материјали во државниот здравствен сектор. Пациентите денес сами си купуваат материјали, гази шрицеви, лекови итн., и тоа се повеќе се продлабочува. Кои мерки ќе се преземат да се развие приватното здравство на пример. Како ќе се овозможи една конкуренција на државното здравство, како алтернатива за одредени поквалитетни услуги, како двигател за развој на овој сектор. Кои мерки ќе се преземат да се овозможи здравствено осигурување во приватни осигурителни компании и каков систем кој ќе функционира, не само формално. Како ќе се намали, да речеме корупцијата во здравствениот сектор што секојдневно читаме дека е голема, дали на пример ќе се подобрат условите за работа на луѓето што работат во здравството и како. Не слушнавме ниту некоја визија за образовниот систем, на пример што е клучен за развојот на една држава. Сите нови умови, сите млади генерации излегуваат од образовниот систем и те како е важно за иднината на државата со каков потенцијал ќе располага оваа држава, кои реформи ќе се направат на пример факултетските дипломи од Македонија, во целост да се признаваат во ЕУ. Јас пред некој ден бев во Швајцарија и слушам примери, ми кажуваат дека од факултет за стоматологија, дипломата не се признава, а од Хрватска се признава. Што е тоа што ние треба да го направиме нашиот образовен систем да стане достапен односно прифатлив за западните држави. Кои реформи, на пример ќе се направат за да се развие приватниот сектор во Секторот на образование. Кои реформи ќе се направат за да се подигне нивото на квалитет на сегашното, државното образование, како во

основните, во средните училишта, значи во институциите во восикото образование. Или, да кажеме во земјоделието што треба да очекуваат земјоделците. Исто така и тоа не го слушнавме. Во програмата, да влечеме на СДСМ во 2002 година, беа ветени повисоки откупни цени на тутунот, на пченицата, на другите земјоделски производи. Тие добија пониски цени. Дали на пример новиот предложен кандиат за министер за земјоделие, имаа нешто посебна визија, како, нели,  веројатно екперт за земјоделство и особено за водостопанство и за шумарство. Дали барем три работи ќе изнесат што е тоа што ќе се понуди ново во овие сектори.

Две години почитувани дами и господа, слушаме дека ќе има реформи во судството. Се работи на некои стратегии, се подготвуваат во министерствата, во установите итн., меѓутоа иако беше спомнато дека ќе има реформи три реченици не слушнавме какво реформи ќе има. Три промени да ни објаснеа, тоа и тоа ќе промени, ќе биде вака и вака, и заради тоа ќе биде подобро, ќе имаме подобри услуги, побрзо судстсво итн.

Не слушнавме на пример како ќе се справите со проблемот на невработеноста и со огромен број на социјални случаи, што ќе преземете во наредните две години за нив да им биде подобри, да најдат работа, сега не можат сите, но еден значаен дел. Колку ќе расте економијата. Во програмата на СДСМ во 2002 година, за овие 4 години стои дека економијата секоја година ќе расте најмалку за 6% и повеќе. Дали останувате на тие проблемски определби, дали ветувате или имате проекција за следената и за таа година по неа дека ќе има, еве да речема најмалку 6 или 7% пораст на бруто домашнот производ и како ќе дојде до тоа, кои се анализите за такво очекување, дали воопшто постои шанса да се надокнади тоа што се изгуби со падот на бруто домашниот производ во првите два квартали, со падот на индустриското производство, па да речеме наредните години да имаме надокнада со 8 до 10% пораст, на бруто домашниот производ.

Почитувани пратеници, почитуван мандатор, кандидати за минисри во новата Влада, поминавме една од најтешките години во економијата. Имавме пад на индустриското производство 11 месеци по ред, континуиран пад, кога по 40%, кога по 35%, кога по 25%, кога по 10%. Имавме пад на бруто домашниот производ во првиот квартал од 3,2%, во вториот 0,2%, следните ќе ги дознаеме, наспроти проекцијата за вкупен раст на годишно ниво од 4%. Растење на давачките кон државата, растење, еве сега се најавува персоналецот, се воведуваат нови акцизи за автомобилите, минатата година се зголеми данокот на додадена вредност.

Година или две во која нарасна невработеноста за речиси 20 илјади нови невработени или според Заводот за статистика за цели 5%. Зголемен е бројот на социјални случаи. Година во која што сме последни во регионот по прилив на странски директни инвестиции. Во седум држави во регионот Хрватска, Македонија, Албанија, Бугарија, Романија, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора, во овие осум држави влегоа седум милијарди долари странски директни инвестиции. Од нив само околу 95 милиони долари минатата година влегоа во Македонија, помалку од 1,2%, 1,3% од вкупниот износ што е влезен во овие држави. Ако ги земете и по глава на жител, да кажеме ако сме мала држава па нормално е да има помали износи, Хрватска има 445 долари по глава на жител, Македонија околу 45 долари по глава на жител. Дојдовме и се уште стоиме на 104-то место по корупција од вкупно 130 држави, според анализите и рангирањата на Меѓународната кризна група. Се наоѓаме, ако не се лажам, на 89-то место по конкурентност од вкупно 108 држави испитаници.

Година и период на релативно рестриктивна монетарна политика со перманентно зголемување на каматите на Централната банка, а последователно на тоа и на комерцијалните банки, што значи и потешки услови за самиот индустриски сектор и воопшто на вкупната економија. Неодамна гледам дека почнаа, од пред некој ден, и задолжителните резерви да растат заради одредени состојби. Година со речиси многу слаби или незабележливи структурни реформи. Две загубени години за воведување нов пензиски систем, кој во значителен дел, речиси 95% беше завршен пред две години, но требаше да се објават тендери за пријавување компании кандидати кои ќе го преземат тоа како пензиски фонд. Немање речиси никакви реформи во здравствениот систем. Слушнав некоја реченица дека ќе ги продолжиме реформите во здравствениот систем. Кои реформи во здравствениот систем ќе ги продолжите? Освен хаосот што се направи со приватизацијата на аптеките и на стоматолошките ординации, за некои други сериозни реформи не сме слушнале. Години во кои се отпуштаат од работа илјадници луѓе за да се вработат партиски членови. Време во кое се доцни со спроведувањето на Рамковниот договор и за тоа може да биде одговорна само власта и партиите во власта. Време на двојни аршини и на селективност во борбата против криминалот и корупцијата и двојни аршини во однос на бранителите, нивно не ставање во една поволна позиција. Време на многу понижувања на македонските граѓани.

Од предложениот буџет за 2005 година што ни стигна деновиве навистина не можам да забележам можност за препородување на Македонија, меѓутоа, останува да видиме.

Очекував, почитувани пратеници, ако не конкретно, мандатарот барем дел од плановите што ги има, ако ги има, да ни ги презентира и да ја зголеми надежта кај граѓаните. Овој список на желби што го слушнавме од почитуваниот мандатар е индиција дека и оваа Влада ќе оди во една дезориентираност.

Сепак, новата Влада, доколку биде прифатена, има две предности.

Првата предност е дека речиси никој нема големи очекувања од оваа Влада. Тоа е добра предност, секој позитивен потег може да биде добро изненадување.

Втората е дека економијата е толку падната, особено оваа година, што навистина треба да се прават свесни и навистина групни грешки за да уназади уште толку, така што со толку ниска база навистина е предност за една нова Влада, бидејќи и ништо да не работи, после толку падови се чини допрено е дното и треба да се случи чудо ако во декември, особено од јануари имаме продолжување на падот на индустриското производство и на другите параметри кои паѓаат.

Почитуван господине мандатар, неколку пати рековте “Дојдете во Македонија” за да се видело дека можеме да живееме заедно на Балканот, да дошле исто така и иселениците итн. Мислев дека е време да им го кажеме тоа на инвеститорите “Дојдете во Македонија” и да им кажеме зошто да дојдат во Македонија и да отворат нови работни места. Тие не доаѓаат на гол повик и на неаргументирани видувања, тие сакаат конкретни резултати, сакаат добра бизнис клима, сакаат некорумпирана Влада, сакаат ниски даноци, сакаат стабилна држава, сакаат предвидлива држава, сакаат конкретни мерки да знаат кои ќе бидат спроведени однапред.

Почитувајте ги или почекајте ги уште малку т.н. “млади момци” во Кондово и мислам дека уште долго ќе си викате на некои да дојдат, и за тие што треба да видат како убаво живееме и за иселениците и за инвеститорите. Оваа година четири месеци е окупиран дел од главниот град, местото Кондово. Толку долго се овде што почнуваме да се навикнуваме на нив и на телевизиските снимки што ги гледаме. Меѓутоа, странскиот инвеститор нема да се најде, нема да го прифати тоа, ќе си замине во побезбедна држава - тоа е она што можеме да го очекуваме.

Јас ви велам дека во наредните денови ќе го решиме овој проблем, затоа што институциите на системот имаат капацитет за тоа, потребна е само политичка

одлука. Сега откако јавно ве повика и НАТО и другите во меѓународната заедница, па конечно и вашиот претходник вчера се охрабри да каже дека проблемот е многу сериозен наспроти вашите проценки и мора да се реши, јас верувам дека ќе го решите, меѓутоа, поминаа четири месеци и пораката е многу лоша. Никој од тие што ги викате да дојдат нема да дојдат, ако се дозволи вакви ситуации толку долго време да опстојуваат. Нека ни се случи и следната година уште едно вакво Кондово и да постапуваме вака како сега, 4-5 месеци да чекаме да се реши сама од себе ситуацијата, почитуван мандатар, ќе останете осамени со зборчето “Дојдете во Македонија”. Ќе бегаат од Македонија, а не да доаѓаат.

Сите граѓани на Македонија треба да добијат еднаков третман од Владата и македонците, и турците и албанците и ромите и власите и бошњаците и србите, сите. Ако некој го крши законот, независно што е, треба да има еднаков третман. Таков еднаков третман, ќе ве потсетам почитуван мандатар немаше бранителот Диме Ицковски - Поштарот. И тој бараше амнестија. Беше егзекутиран по кратка постапка. И други македонски бранители бараа амнестија, но некој ги казнува, а со другите се преговара со месеци и се бара солуција тие да се повлечат неказнети. Таквата опција, ако дојде до такво нешто да се повлечат, веројатно ќе се претстави како политички успех. Но седнете малку и размислете која порака се испраќа за иднината. Значи која порака се испраќа, може некоја групација независно од која националност и вероисповест да запоседне едно место и 4-5 месеци буквално да се зафркава со една Влада, да се изживува со граѓаните на државата и со нивните чувства.

Она што, исто така, почитувани дами и господа, можеше да се забележи во денешното излагање - Програма е дека немаше ништо посебно напомнато за враќањето во домовите и ресоцијализација на раселените лица. Оставени се на маргините на општеството, не слушнав ништо ниту за почитувањето на Бадинтеровото мнозинство во општините каде македонците се малцинство, како што се Струга, општина Дебар, Тетово, Гостивар итн. Сите ние се залагаме за спроведување на правата на другите етнички заедници онаму каде што се малцинство и тоа е нешто што и јас го поддржувам. Но онаму каде што се македонци во малцинство, тие се иселуваат. Сте се запрашале ли зошто се иселуваат, имате ли одговор на тоа прашање, како да се спречи иселувањето на македонците од општините каде се малцинство? Како со нивното останување таму да се задржи и да се развие мултиетничкото живеење, наспроти концептот на бинационални или чисти

етнички општини и региони. Кои мерки треба да ги преземе Владата за тоа, дали имате план за таа работа, дали имате визија за таа работа?

Почитувани пратеници, Македонија има голема шанса да стане дел од НАТО и дел од Европската унија. Меѓутоа, со неприцизни формулации, глобални а не конкретни ветувања, со колебливост, со ставање на несоодветни кадри на одредени позиции без конкретна програма за економски раст, без конкретни реформи, со говор од минатото, нашиот пат особено кон Европската унија ќе биде забавен, во најблага форма кажано. Нам ни е потребна Влада која ќе знае точно што сака, но и како тоа ќе го направи. Едното без другото не бидува, ниту говорот на мандатарот, ниту искуството односно работата во претходната Влада на старо - новите министри ми влева сериозна надеж дека оваа Влада ќе направи крупни позитивни поместувања и дека ќе биде подобра од претходната, на пример.

Затоа, јас нема да ја поддржам оваа Влада. Тие бездруго ќе добијат поддршка од мнозинството пратеници од владеачката коалиција, иако знам дека многу поединци меѓу вас интимно ќе ја поддржите, но не сте убедени во добрата перспектива со оваа нова Влада. Значи тие ќе добијат шанса, но прашање е која ќе биде иднината и која ќе биде визијата со која новата Влада ќе оди напред. Сепак, посакувам барем малку да грешам во моите очекувања и вистински и конкретно Македонија да почне да се развива со голем брзина.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Груевски.

Господине Рафис Алити, имате реплика?

Повелете три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам, господине претседател,

Многу нормално е лидерот на ВМРО-ДПМНЕ уште сега да се произнесе дека нема да го поддржи новиот Владин кабинет на Владо Бучковски, но не е добро да се манипулира со јавноста во однос на тоа дека во неколку општини македонското население е малцинство итн, бидејќи правата на македонското население, независно од нивниот број, кои се наоѓаат во една општина во цела Република Македонија им се гарантираат тие права со Уставот, така што во оваа насока верувам дека на господинот Груевски му се јасни овие работи. Во однос на Бадинтеровото мнозинство исто така и овде нема право, бидејќи во законите кои ги донесовме за локалната самоуправа во Собранието на Република Македонија се

гарантира и овие закони по локалните избори треба да се имплементираат во секојдневниот живот, така што не е добро да се манипулира со јавноста во оваа насока.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам.

Нема реплики.

Повелете господине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседател на Собранието, почитуван мандатар,

Почитувани кандидати за министри, дами и господа пратеници,

На средината на нашиот мандат, без да ги сметам реконструкцијата и гласањето за доверба, Собранието во овој состав по трет пат избира Влада. Убеден сум дека по затворањето на расправата, како што спомна и претходниот дискутант, господинот Владо Бучковски ќе биде новиот петти по ред премиер на Република Македонија, а кандидатите што тој ги предлага за министри ќе ја добијат довербата на пратениците. Ова мое убедување произлегува од ставот на мојата пратеничка група СДСМ, која како и колегите од пратеничките групи од останатите партии што ја сочинуваа владината коалиција ќе гласаат за изборот на Влада.

Моето учество во расправата не е со цел само да го потенцирам сосема извесниот епилог на оваа седница, кој произлегува од основните правила на парламентарната демократија, туку и да образложам зошто јас и колегите од мојата пратеничка група ќе гласаме за изборот на оваа Влада.

Колеги пратеници, прашањето за избор на Влада или било кој друг аспект поврзан со нејзиното работење, по својата природа е тема околу која неспоредливо во однос на било која друга може да се отвори и да се води најдолга и најжестока парламентарна дебата. Дебата во која според редот на нештата, тргнувајќи од реалните состојби во државата, нејзините стратешки интереси и цели, како и објективните потреби и очекувања на граѓаните, позицијата и опозицијата ќе ги соочат своите аргументи за и против предлогот на манадатарот. Без разлика колку ќе трае и како ќе се одвива расправата понатаму, земајќи ги предвид повеќето од дискусиите што ги слушнавме денес, има шанси изборот на оваа Влада да помине целосно во стилот на претходните. Имено, досегашната пракса беше, скоро редовно упатуваше на едно клише, опозицијата ангажирано да напаѓа и да критикува, да се сомнева во намерите на владината коалиција воопшто, да ја проблематизира

нејзината принципиелност, да го спори капацитетот на понудениот состав, поединечно или колективно - сеедно, да има забелешки на многу елементи, па и детали на експозето или Програмата на мандатарот итн. Целта на тоа многу пати видено клише беше опозицијата да не убеди нас, а многу повеќе јавноста дека Влада на Република Македонија не треба да биде таа што ја предлага мандатарот, туку евентуално некоја што би ја понудила или направила токму опозицијата.

Колеги пратеници, поентата на сите дискусии кои ги слушнавме, без разлика на кој сегмент се однесуваат, актуелната состојба во државата генерално ја дефинираат како сложена, што народски би се рекло "Нагоре високо, надолу длабоко", имаше некои незначителни скромни обиди во оваа прилика да се потсети дека се би било поинаку, односно подобро доколку во 2002 година не завршеше мандатот на тогашната коалиција, или пак доколку, евентуално, како алтернатива на сегашната да се земе предвид истата или слична на неа политика. Јас со таквите тези не се согласувам, не ги прифаќам и заради почетната атмосфера, која сепак е конструктивна, нема воопшто да полемизирам во стилот "вие - ние", "наша Влада - или ваша Влада" итн. Различно мислиме, битно се разликуваме во многу нешта и тука нема ништо лошо или спорно. Впрочем, заради тие разлики и говориме за парламентарна демократија. Не случајно, еден вид непишано правило е Владата да биде омилена тема или би рекол најлесна слободна тема, на која опозицијата ќе ги прави најсериозните обиди за полагање колоквиум пред граѓаните.

Од тие причини, а секако заради фактот што зад кажаниот збор на добар дел од пратениците говорници денес, стои пред се конкретен минат труд во некое друго својство, колку и да сме демократи, мислам дека е дегутантно копјата да ги кршиме на нашите меѓусебни концептуални и идеолошки разлики. Затоа, јас почитувани колеги нема да полемизирам со тези кои доаѓаат или одат во таа насока, меѓутоа, имам сериозно разбирање за секој искажан аргумент од оваа говорница. Впрочем, ценам дека не тезите туку аргументите на опозицијата се најкорисната порака што треба да ја добие новата Влада пред да биде избрана.

Предлогот за состав на нова влада и Програмата за нејзината работа ни се на увид. На почетокот на седницата го слушнавме и експозето на мандатарот. Околу предложениот состав јас немам забелешки и без разлика на личниот став, или личните предрасуди на некои колеги, верувам во изборот на мандатарот. Не се сомневам во персоналниот капацитет на новата влада и секој од министрите, а особено од премиерот Бучковски очекувам иницијативност, енергичност и доследност на ниво на задачите опфатени во Програмата. Иако нема да дискутирам

детално за секој сегмент опфатен во Програмата за работа на владата за да не кажам веќе многу работи кои што беа кажани. Меѓутоа, ценам дека таа е во согласност со она што претходно го потенцирав како битно, а тоа е реалните состојби во државата, стратешките интереси, или цели на Република Македонија и објективните потреби и очекувања на граѓаните во нашата држава. Во суштина мислам дека постулатите содржани во оние 20-тина страници насловени како Програма за работа на владата во периодот декември 2004 година до октомври 2006 година се одраз на клучната амбиција на најпосакуваната цел на сите досегашни влади што ги имаше Република Македонија, а тоа е нашата држава да ја помине линијата на фамозната транзиција и конечно општествено коренито променета да застане на здрави нозе. Сите знаеме и свесни сме дека Република Македонија настојчиво многу долго, на моменти и за скапа цена би рекол се обидува да ја направи таа пресвртница. Меѓутоа, објективно таа шанса на Република Македонија се укажува токму сега. И одговорноста за успешноста на овој момент е токму на оваа влада што ја избираме и на овој состав на Собранието. Волјата, храброста и одлучноста на мандатарот изразени не само во текстот на Програмата, туку и во активностите пред оваа седница на Собрание во неговото експозе се мотив плус и ние пратениците да направиме дополнителни напори за момент да ја симнеме политичката диоптрија и пообјективно да и пријдеме на целата ситуација.

Колеги пратеници, иако веќе звучи по малку извикано пред граѓаните сепак многу е важно да се говори за агендата во 2006 година, односно за НАТО и за ЕУ. Ние како пратеници многу добро знаеме што значи Република Македонија да ги оствари тие цели и што се треба да направиме да го изодиме патот до нив. Само таксативно ќе набројам дел од преостанатите обврски. Треба да имаме успешни локални избори на пролет, успешна имплементација на децентрализацијата на власта, реформи во правосудниот систем, реформи во државната администрација и јавниот сектор, ефикасна пазарна економија и надвор од обврските на таа агенда парламентарни избори во октомври 2006 година. Сите знаеме што значи тоа, какви краткорочни би рекол ефекти ќе предизвика тоа, колку секој реформски чекор ќе биде непопуларен, па сепак, решени сме да и дадеме безрезервна поддршка на владата која непоколебливо треба да работи токму на тие задачи. Сите знаеме дека ваквата владина агенда не содржи и не претпоставува ама баш ниту еден процент политички интерес. Напротив, планот и Програмата на владата се со очигледен политички ризик, да не речам пресметан зијан. И токму во тоа е суштината и големината, важноста и моментот што Собранието, новата влада и Република

Македонија воопшто не смеат да го пропуштат. Едноставно има многу важни работи во Република Македонија околу кои немаме простор за пролонгирање. Сметам дека новата влада благодарение на некои старо нови министри имаат добар кредит на тој план и дека правилно ќе го искористат. И тоа е една од причините зошто заслужува да добие шанса и доверба.

Почитувани колеги пратеници, јас како и сите вие апсолутно сум свесен дека во овој момент многу поинтересно е да се говори за конкретни работи, или актуелни прашања, за организираниот криминал и корупција, за безбедноста за која до скоро имаше расположение и за потсмев, а деновиве е сведена на случајот Кондово што навистина е многу сериозна грижа, или пак на пример за невработеноста и сиромаштијата. Без никакви дилеми и резерви тоа се прашања за кои треба ние да разговараме. Прашања околу чие што решавање владата треба сериозно да се ангажира. Дефинитивно прашања околу кои во последно време најчесто слушаме коментари, мислења, сугестии и како власт можеби трпиме оправдани критики. Мислам дека експозето на премиерот, на мандатарот за секој што е насочен кон поддршка на Владата е дополнителен мотив таа и да ја добие довербата на пратениците, првенствено затоа што се најавува, а убеден сум дека така и ќе биде решавање на проблемите во рамките на институциите на системот. На пример борбата против корупцијата, секаде нејзина цел, така и кај нас е таа да биде сведена во некои минимални рамки. Она што ми дава право да верувам дека на тој план работите одат кон подобро се следните факти. Од пред две години корупцијата беше издигната на ниво на некој номинален механизам, редовен инструмент со кој најчесто се служеше самата власт. Ценам за непристојно во оваа прилика да потсетувам на конкретни примери. Во меѓувреме на иницијатива на власта во изминатите две години се создадоа клучните државни институции и полуги кои што треба дополнително да служат за поефикасна борба против корупцијата, тука пред се мислам на Државната комисија, на Финансиската полиција, Дирекцијата за спречување на перење пари и тн. Се разбира, дека релативна е оценката колку тие се покажале ефикасни, или не во нивното дејствување. Меѓутоа, мора да признаеме дека до пред две години беше незамисливо гласно да се проговори за некоја зделка со коруптивен карактер да се обелодено скандалозен случај. Значи, се си функционираше со некоја стандардна шема, беше рамно на научна фантастика би рекол да се помисли дека се можни некакви санкции за такво дело. Денес не само што секој граѓанин има пристап до надлежните институции да пријави таков случај, туку гледаме дека и политичките опоненти на власта можат многу транспарентно да

иницираат антикорупциски постапки. Претпоставувам дека забелешките би биле помали, а задоволството огромно доколку би се допуштило јавноста, или уште подобро позиција или опозиција да им пресудува на таквите случаи. За жал, односно за среќа, сепак сме се надевам навистина сериозни во намерите да градиме правна држава и ќе мора да се задоволиме со одлуките на надлежните истражни и судски органи.

Би кажал збор, два за онаа актуелна тема што деновиве ја дискутираме помеѓу нас пратениците и пошироко во јавноста, случајот Кондово. Ние сме пратеници, но првенствено сме луѓе. Затоа разбирам надвор од оваа сала приватно да муабетиме, да разменуваме мислења што и како требало да биде, што да се направи и како да се постапи, да полемизираме околу разни тактики и стратегии и така во недоглед. Меѓутоа, мислам дека не е добро кога разговараме за прашања од безбедносен карактер со гнев би рекол и навивачки да ги игнорираме институциите на системот, структурите кои се платени, стручни, обучени да се грижат за безбедноста. Се сложувам со оценката дека состојбата во Кондово не е за потценување. Свесен сум дека таа состојба има сериозни импликации врз животот на граѓаните во тоа подрачје. Секаде каде што треба и колку што треба од позиција на пратеник за таквите состојби ќе се залагам да бидат решавани. Меѓутоа, да бидам искрен, секогаш првенствено ќе им верувам на државните органи на нивните проценки и планови, а не на партиските гласноговорници, на нивните согледувања за толку и толку вооружени лица, за не знам колку митралезки гнезда, за минофрлачки позиции, ровови, бункери и тн. Знаете, лесно е да се лиферуваат информации под превезот дека се прецизни, дека доаѓаат од добро упатени лица да се даваат вакви, или такви оценки и прогнози.

Јас во оваа пригода не би сакал да шпекулирам врз основа на шпекулациите. Владата во случајов новата е таа која што во согласност со Уставот и законите преку надлежните органи и сега и во иднина ќе оценува што има, а што нема капацитет за дестабилизација на безбедноста на државата и ќе превзема мерки. Ќе повторам, нормално дека како граѓанин на Република Македонија сум загрижен. Меѓутоа, имам доверба во капацитетот на државните органи да се соочат и да спречат ситуации кои се закана за мирот и безбедноста во Република Македонија и кои што го нарушуваат меѓународниот углед на нашата држава што навистина е многу лесно да се направи во овој случај.

И последен сегмент на крајот кој откако ќе ги исцрпиме сите тешки и судбински грижи, сепак е најсуштествениот и од најголем интерес за граѓаните, тоа е

економијат, живеачката, вработувањето. Тоа што го ценам во овој момент кај мандатарот е фактот што претпоставувам дека заедно со неговите соработници во делот на економијата имаат објективни појдовни оценки, позиции и проектираат реални цели. Отсуството на конкретни ветувања, бројки и показатели лично го сметам за искрен пристап во кој нема политички калкулации. И тоа е добар начин со работа и конкретни резултати реално да ја вратиме надежта за подостоинствен живот кај секој граѓанин во Република Македонија. Кога ќе успееме на тој план, се друго ќе оди многу полесно. Владата на премиерот Бучковски пред себе има многу работа и две години време за располагање. Во овој момент без оглед на политичките разлики меѓу нас пратениците не само во однос на изборот на владата, туку воопшто без разлика на амбициите што ги имаат нашите партии колку и да звучи наивно во едно мора да се согласиме, престојните две години не се време за политичко докажување ниту на владата, ниту на владината коалиција, ниту на опозицијата. Престојните две години се време во кое треба да се докаже Република Македонија таква каква што ја замисливме каква што ја посакуваме сите ние. Случајно, или не, одговорноста за тоа сите ние како пратеници независно од позицијата од оваа седница ќе ја делиме со новата влада. Мандатарот Бучковски и неговиот тим поддршката од Собранието, како што рекоа и претходните говорници ќе ја добијат. Искрено се надевам дека ќе работат со полн капацитет и дека ќе имаат доволно енергија и дека нема да се поколебаат околу определбите за кои сите ние дискутиравме денеска и одлучуваме за нивниот избор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Ќуркчиев изгледа како да не се сеќава зошто сме и од кои причини ние денеска овде. Затоа што премиерот во оставка господинот Костов се повлече по сопствена волја од позицијата претседател на Владата на Република Македонија, затоа што во тие шест месеци додека беше на таа позиција тој се изнагледал криминал и корупција меѓу коалиционите партнери во Владата. И тој изгледа има кратко сеќавање, јавно кажа дека и вон системот на Република Македонија во ова Собрание се донесени Законот за државјанство и Законот за легализација на малоречанскиот универзитет. Јас немам ништо против што господинот Ќуркчиев се сеќава и на 1998 и на 1988 година, но не ми е јасно како може да не се сеќава на оние шест месеци кога и господинот кој е во оставка, господинот Костов и

господинот Ќуркчиев многу срчано ги бранеа тие два закони кои поминаа во Собранието, а биле вон уставно правниот поредок во земјава.

И конечно во поглед на безбедноста, јас навистина не се сомневам во органите на Република Македонија. Само погледнете со каква брзина го фатија вашиот страшен и опасен сограѓанин кој дури од Софија му го реметеше виртуелниот мир и хармонија на претседателот на државата. Верувам дека и понатаму ќе бидат така срчани во другите предизвици кои се пред нив, можеби не баш за Кондово, но ако се појави некој кој се заканува како она несреќно момче, верувам дека се ќе се преврти за да се пронајде.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Не можев многу да го разберам која му беше целта на колегата. Меѓутоа, просто е зачудувачки колку податоци тој содржи во себе и може да ги спомене само за три минути. Кога сме околу податоците и случувањата, ако зборуваме за Кондово, штета и навистина штета е што тој и неговите сопартијци не беа можеби така добро информирани на почетокот во 2001 година кога беа на власт, можеби ако имаа такви податоци немаше да ни се случи 2001 година, онаа што ни се случи. Значи, ако имаа така прецизни информации за Танушевци можеби ќе куртулевме и ние со сето она што ни се случи во 2001 година. Иако другото навистина не го разбрав што сакаше да каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Колегата во своето искажување кажа дека опозицијата полагала некаков колоквиум пред граѓаните на Република Македонија. Јас само сакам да образложам дека оваа влада е составена од истите оние коалициони партнери ЛДП, ДУИ и СДСМ кои што ја зедоа власта од 2002 година и до сега за сите состојби во Република Македонија ја носат одговорноста која што е многу јасна и очигледна. Истите министри, односно голем број на министри кои што се членови на оваа влада поминаа во сите досегашни реконструкции и нови влади кои што се случија во овој период. Истиот начин на однесување, истите ветувања кои што ги слушнавме и денеска, ги слушнавме и од тие влади, меѓутоа не видовме никакви реални резултати. Значи, овие владеачки партии досега не го положија испитот, прво на зачувување на безбедноста на државата. Второ, не го положија испитот на соочување со корупцијата во Република Македонија, ниту пак го положија испитот на борба против сиромаштијата. Да ве потсетам, тоа беа главните предизборни

ветувања на овие коалициони партнери. Истовремено слушаме преку медиумите меѓусебни обвинувања кој од нив е повеќе корумпиран и кој контролира каков дел од бизнисот во Република Македонија. Владеењето на правото исто така е многу битна работа која што се сведува на политички влијанија и на политички директиви кои што треба да се спроведуваат од различни органи, а не да се почитува Уставот и законите на Република Македонија. Од друга страна цело време се зголемува деградацијата и на економскиот и на политичкиот систем во државата. Затоа не сакам да ги кажувам сите оние примери кои што ќе имаме можност да ги слушнеме. Меѓутоа, сакам да го поставам прашањето, дали владата, односно коалиционите партнери кои што ја составуваат оваа влада го положија и приемниот испит пред граѓаните на Република Македонија по однос на сите оние лажни ветувања кои што ги дадоа во 2002 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Никола Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Згрешивте во постапката. Пратенички прашања, требаше да го опомените колегата кога се поставуваат.

Бидејќи зборував за економија, за правни системи, меѓу другото и за корупција, мора да го потсетам со сиот респект почитуваниот колега со кого добро соработуваме дека сите многу слушаме за корупција. Но, навистина не верувам дека било кој да каже од оваа говорница, или надвор, или слушнал тврдење од СДСМ дека такво нешто воопшто не постои во Република Македонија. Да го потсетам само кога зборува за економските системи, можеби од говорница кога ќе има повеќе време ќе ме убеди дека господинот Даравелски да речеме, да работеше добро во интерес на граѓаните и државата дека ефектите кои што ќе беа постигнати немаше да го подобрат економскиот систем на државата кој што го спроведуваа се разбира во тој период.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, просто е зачудувачки како лидерот и генералниот секретар на СДСМ размислуваат исто. Јас лично се забунив кој овде денеска поднесе експозе. Значи, слушајќи го Ќуркчиев, а и мандатарот, ама баш ништо не видов разлика, поточно ништо не сфатив и ништо не разбрав, освен...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам реплицирајте на говорот на господинот Ќуркчиев.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па на говорот на Ќуркчиев реплицирам, на што друго?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, не правете паралела по ставовите.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Значи, кога на почетокот господинот Ќуркчиев почна да дискутира, јас мислев дека го промаши, односно го смени говорот, мислев дека го чита говорот од Конгресот, па за малку ќе ми потечеа солзи, да ви кажам искрено. Инаку господине Ќуркчиев да ви дадам една сугестија. Секогаш кога вие излегувате, а секогаш излегувате на говорница кога се бира влада, таа влада немала долг век. Затоа ни е четврта по ред. Не знам кој ве предложи сега тоа да го правите. Кажувате дека верувате во институциите на системот, единствени се тие овластени па и за Кондово и за сите оние други аргументи кои што ги кажавте. Да ве потсетам, има ли Република Македонија институции на системот, или само Владо Бучковски е институција на системот доколку се избере за премиер. Што правеа три, четири месеци, пет месеци па и повеќе, ги броеја колку терористи се во Кондово? Друго, мандатарот велите проектирал реални цели и единствено се одушевивте затоа што не кажал ништо конкретно. Е, тука сме истомисленици. Навистина не кажа ништо конкретно, меѓутоа не знам на што вие се воодушевивте. Затоа што очигледно ви е јасно дека ако се кажат конкретни бројки, звучат како претходниот премиер, или како пред претходниот премиер кои што во превод можат да се кажат, или многу се зборува, ама ништо не се реализира, или се лаже.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Господине Караџоски, велите дека ниту од обраќањето на мандатарот, ниту од моето обраќање од говорница не сте разбрале ништо. Па не ме терајте да размислувам како е можно човек да ги помине високообразовните институции во државата, а да тие не остават трага на него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа пратеници продолжуваме утре со почеток во 10,00 часот).

(Седницата прекина во 18,25 часот).